СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 7 јуни 1995 година

Скопје, јуни 1995 година

## 20 ( ДВАЕСЕТТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 7. VI. 1995 ГОДИНА


1. Ангелов Стојан - 1, 12, 59..
2. Арсовски Бранко – 96
3. Биљали Мерсел - 34
4. Гештаковски Александар - 64
5. Димов Лазар - 92, 94, 108
6. Давчев Санде - 82
7. Зографска -Куљан Ратка - 20
8. Ибрахими Сами - 88
9. Каров Звонко - 80
10. Костов Хари - 98
11. Николов Јован - 73
12. Најдовски Слободан - 24, 67
13. Пецов Мирко - 1о6
14. Петковски Тито - 13, 22, 24...
15. Поповски Никола - 101, 104
16. Поповски Г. Никола - 22, 75
17. Поповски Љубомир - 5
18. Паунов Теодосије - 89
19. Ружин Нано - 106, 84
20. Рамадани Хисен - 37
21. Спировски Игор - 55 - чита
22. Стојановски Наќе - 24, 25,65
23. Стојановски Томислав - 40
24. Тантаров Вељо - 69
25. Трпевски Љубе - 85, 103, 105 (министер)
26. Трпеновски Димитар - 95
27. Филипче Илија - 21, 27, 28 ( министер за здравство)
28. Харуни Сејфедин - 71
29. Ханџиски Благој - 29, 42, 48, 49, 50, 51, 53
30. Хасипи Кенан - 91
31. Чадиковски Љубомир - 13
32. Шундовски Јорго - 60, 64, 68, 69, 70

Дневен ред на страна -16

- Обраќање на г-дин Мигуел Ангел-Мартинез - стр.2 (претставник на Парламентар. собран. Советот на Европа).


- продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесеттата седница на Собранието на Ре- публика Македонија,одржана на 7.06.1995 година

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славе Наумовски, Љупчо Мешков, Марјан Начев- ски, Туше Гошев, Игнатие Богдановски, Душан Николовски, Благоја Стефановски и Зоран Крстевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Дами и господа пратеници,

Имам особена чест и задоволство да го поздравам претседателот на Парламентарното Собрание на Советот на Европа г-дин Мигуел Ангел Мартинез. (Аплауз).

Зборува г-дин Мигуел Ангел Мартинез на англиски јазик.

(ПРИЛОГ)

I/2.-РД/МЛ

**ембарго до читање**
7 јуни, 1995

Г-дин Мигуел Ангел Мартинез,
Претседател на Парламентарното
Собрание на Советот на Европа

# ГОВОР

## I. ВОВЕД

Дозволете ми најнапред да изразам големо задоволство што се наоѓам за прв пат во официјална посета на вашата земја. Моето задоволство е уште поголемо зашто имам чест да му се обратам на вашиот Парламент. Би сакал да ја искористам оваа пригода и да ве поздравам од се срце, а преку вас и сите граѓани на вашата Република.

Моментот кога вашата земја ќе пристапи кон Советот на Европа се наближува. Постапката напредува, а извештајот на правните експерти за усогласеноста на правниот поредок на вашата земја со стандардите на Советот на Европа е позитивен. Во моментот, Известителите работат на вашето досие и се надеваме дека во најблиска иднина ќе и се приклучите на нашата Организација.

Пред да се случи тоа, би сакал да споделам со вас неколку размислувања за моментумот низ кој минува процесот на изградбата на Европа и за специфичната улога на Советот на Европа во тој европски проект. Исто така, кратко ќе коментирам и за можната идна улога на вашата земја во нашата Организација.

## II. ЕВРОПСКИОТ ПРОЕКТ НАПРЕДУВА СО ПОЛНА БРЗИНА

Денес нема никакво сомневање дека изградбата на Европа напредува со полна брзина. Заклучок на секоја објективна опсервација мора да биде дека Доживуваме една досега невидена брзина, продлабочување и проширување на тој проект. Токму поради тоа понекогаш се нагласуваат пречките, недостатоците или фрустрациите во процесот, кои можеби се поголеми од порано. Но според мое мислење, најсуштествено е дека проектот доживеа напредок како никогаш досега.

Всушност, колапсот на комунизмот во Советскиот Сојуз и распадот на СССР како таков, предизвика помеѓу другите, најмалку две огромни последици во Европа.

Првата е дека одеднаш европскиот проект ја поврати својата полна димензија.

I/3.-

Со други зборови, за неколку месеци картата на Европа конечно стана карта на цела Европа, онаа за која пишуваа нашите учебници по историја и географија. Тоа значи дека наеднаш многу земји и многу народи што беа отсутни, или поточно беа приморани да бидат отсутни, се придружија кон вредностите на проектот и изразија барање за приклучување кон самиот проект. Тоа се народи како вашиот, или како мојот пред една декада - милиони мажи и жени за кои да се биде Европеец, да се биде дел од Европа не значеше само реторика, туку пред се живот во мир, слобода и просперитет.

Но пропаѓањето на Советскиот Сојуз значеше, исто така, крај на светскиот поредок заснован врз конфронтација на блоковите и тензии помеѓу Исток и Запад. Сега сме сите ние соочени со задачата да воспоставиме нови правила на функционирање на меѓународната заедница. Во вакви рамки јас сериозно верувам дека единството на Европа едноставно е неопходно; тоа е предуслов за нас, Европјаните ако сакаме да го зачуваме нашиот стандард и благосостојба и да ги направиме достапни за сите, задржувајќи го саканиот степен на влијание на меѓународната сцена. Со други зборови: или Европа ќе говори со еден единствен глас, или нашите гласови ќе замолчат и други ќе зборуваат и ќе одлучуваат наместо нас и на нашето место.

Во такви околности повторното активирање на европскиот проект стана реалност на сите нивоа, се реализира со сите средства и има конкретни реперкусии врз секоја од институциите кои се дел од "европската архитектура".

Уште еден многу сериозен аргумент се формира во нашата свест во однос на неодложната итност за напредок на процесот за изградба на Европа. Се покажува дека европската интеграција и се поголемото бришење на нашите сегашни државни граници е најдобриот начин, или можеби единствениот ефикасен начин да се надминат проблемите што добија многу драматични димензии - мислам на конфликтите помеѓу соседните држави, немирите, супресијата на националните малцинства, покривањето на јазовите и разликите во животните стандарди... Само европската консолидација ќе создаде неопходно генерално ниво на владеење на правото, хомогенизација на благосостојбата, дијалог кој ќе ги апсорбира тензиите; сето тоа ќе биде гаранција за стабилност, односно услов за безбедност за сите нас.

## III. <u>ПРОЕКТОТ: КАРАКТЕРИСТИКИ И ИНСТИТУЦИИ</u>

Овие околности на повторно активирање неопходно наложија да се прецизираат клучните карактеристики на европскиот проект. Тука би сакал да ги презентирам, речиси телеграфски, моментите кои сметам дека најдобро го дефинираат овој процес, а тоа ги прави и есенцијални во процесот што се одвива.

Проектот мора да биде политички и глобален; тој се повеќе и повеќе ќе значи градење ново конститутивно тело кое, респектирајќи ги карактеристиките

на земјите членки, ќе преземе врз себе многу важни компетенции што заеднички ќе сочинуваат една конфедерална, па дури и федерална рамка. Особено, нема сомневање дека наскоро ќе стигнеме до заедничка надворешна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика во Европскиот дом.

Би сакал да додадам дека идејата за обединета Европа - а тоа е мислам втората карактеристика, се базира на две различни димензии. Првата е територијалната димензија што ја сугерира картата, а втората е онаа на вредностите и принципите кои го дефинираат европското општество и кои почнуваме да ги развиваме: слобода, демократија, плурализам, почитување на владеењето на правото и на човековите права, вклучувајќи го и почитувањето на правата на националните малцинства. За многумина од нас социјалната правда, исто така, игра важна улога во системот на вредностите.

Од друга страна, европскиот проект треба и понатаму да биде отворен за сите европски земји кои се разбира сакаат да учествуваат во него и кои треба да се обврзат да ги почитуваат нашите заеднички вредности со сета одговорност и последици што тоа ги подразбира. Ова значи дека секоја земја има право да учествува и обврска целосно да ги преземе врз себе заложбите што ова членство ги наложува.

Процесот на изградба на Европа мора да биде процес на солидарноста. Таа мора да се применува во внатрешните правила, со цел да постигне повеќе еднаквост, рамнотежа и хомогеност помеѓу различните територии и народи. Европскиот проект мора да има солидарен однос и кон остатокот од светот, а уште повеќе кон соседите кои живеат веднаш до границите на нашиот проект. Ова, поради принципите, но и поради обезбедување безбедност и можност за опстанок на самиот проект.

Неопходно е да се разјасни дека има еден единствен европски проект и една единствена цел: единството на нашиот континент. Ова значи дека сите европски институции треба да бидат земени предвид и мораат да делуваат како комплементарни, координирани инструменти во постигнувањето на најавената цел.

Последно, но не помалку значајно, е дека и покрај големата техничка комплексност, европскиот проект мора да биде демократски; тој мора да биде разбран, прифатен и поддржан како "нивни" или "наш" од страна на граѓаните, жените и мажите на Европа Ова секако значи помалку технократија, помалку бирократија, поголема отвореност, поголемо учество во секој поглед.

Откако ги наведовме карактеристиките на проектот дозволете ми да споделам со вас некои размислувања во врска со влијанието врз трите клучни институции околу кои овој проект ја добива својата форма, па дури и за промените во нив поради повторното активирање на процесот, што е без преседан.

I/5.-

Европската Унија останува центарот и моторната сила на проектот. Предизвиците со кои таа се соочува се многу критични: по спогодбата од Мастрихт чекорите се јасни - кон се поголема интеграција на економско, социјално и политичко поле. Токму во овој круг навистина исчезнуваат границите помеѓу националните држави на секој начин. Тоа е секако структура која поставува најмногу барања за прифаќање нови членови. Па сепак еден од нејзините предизвици е наполно апсорбирање на три нови земји: Австрија, Финска и Шведска, три земји, кои патем речено, не веруваа многу во изградба на Европа или поточно, земји кои со години веруваа дека можат сосема пристојно да опстојат надвор од неа. Сега, во новите околности, изгледа дека тие станаа свесни токму за спротивното: дека треба да се приклучат кон Европската Унија и да станат дел од проектот како најдобар начин да го сочуваат својот многу висок стандард на живот.

Западно Европската Унија (ЗЕУ) не престанува да биде европски столб на НАТО и ќе остане тоа. Но таа се повеќе и повеќе ќе станува и платформа и тело каде ние ќе дискутираме, одлучуваме и ќе ја градиме заедно нашата заедничка европска безбедносна и одбранбена политика, па дури и нашата заедничка одбрана, вклучувајќи ги заедничките европски одбранбени сили. Никој не треба да има погрешна претстава во врска со ова: ако нашиот проект се зема сериозно, ваквата нејзина одбранбена димензија е неопходна; тоа е толку просто и јасно.

Во моментот најголем предизвик за ЗЕУ е токму да ги оживее и исполни овие задачи, и во политичка и во воено оперативна смисла.

Но подеднакво важно е да се најде одговор за сите земји кои се уште не се членки на Европската Унија, но кои искрено сакаат да се вклучат во европскиот проект, и често пати чувствуваат, патем речено, неодложна потреба активно да учествуваат во безбедносната димензија на процесот. Токму во рамките на Западно Европската Унија најмногу се чувствува потребата од солидарност за изградба на целосно заеднички механизми кои ќе ја обезбедат општата безбедност, за секого од нас на целиот континент. Постои значителен напредок во поглед на приклучувањето на европските држави во работата на ЗЕУ, особено оние кои од неодамна станаа членки на Советот на Европа.

Сега доаѓаме до Советот на Европа, кој можеби повеќе од која и да било друга европска институција минува низ огромни превирања, како во неговото својство на платформа за пан-европската политичка соработка каде што се меша и се создава заедничкиот европски глас, и каде што новите членки даваат иницијативи и се подготвуваат за понатамошна интеграција, така и во својство на европска специјализирана агенција за дефинирање и ажурирање на доктрината на човековите права и нивната ефикасна заштита на целата наша територија. На секое од овие две подрачја се соочуваме со драматични предизвици.

I/6.-

Во однос на нашето функционирање како најпогодно тело за агитирање во полза на пан-европската соработка, наш предизвик е проширувањето. Во последните години на Советот на Европа му се приклучија единаесет нови земји: Андора, Бугарија, Република Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Полска, Романија, Словачка, Словенија. Некои други земји, вклучувајќи ја и вашата се се уште во процес на здружување: Албанија, Хрватска, Молдавија, Украина заедно со вас се кандидати кои би можеле да бидат примени меѓу нас пред крајот на годината. Но, зголемувањето на Советот на Европа добива сосема поинаква димензија кога станува збор за Русија, чие досие е најкомплексно помеѓу нашите кандидати.

Руската Федерација значи не само огромен предизвик, туку и огромна тешкотија. Нејзиното присуство во Советот на Европа, односно не само во Организацијата, туку, исто така и во проектот на изградба на Европа, подразбира радикални промени практично насекаде, вклучувајќи и во самиот концепт за создавање на Европа. Ова може да биде толку турбулентно што само најмодерните, најмлади и најпрогресивни умови се спремни да го сфатат и да се соочат со овој предизвик.

Секако дека кризата во Чеченија има реперкусии врз времето на започнување на процедурата за прием на Русија. Со оглед на вооружениот конфликт во регионот, Парламентарното Собрание одлучи да ја суспендира постапката за прием. Доаѓајќи до сознание дека тоа е внатрешна работа на Руската Федерација и сметајќи ја за неприфатлива унилатералната декларација за независност на Чеченија, Собранието заклучи дека руската реакција кон овие настани е неприфатлива, бидејќи земјите членки на Советот на Европа се залагаат за решавање на конфликтите, и оние во нивните граници, со мирољубиви средства, а истиот принцип мора да се применува и кај оние што веќе побарале членство.

Суспендирањето на постапката за пристапување не треба да фрли сомнеж во можната интеграција на Русија во рамките на нашата Организација. "Рускиот" предизвик е постојано на дневниот ред на Советот на Европа. Соочувањето со овој предизвик, морам да признаам, бара големо напрегање на имагинацијата и храброст. А морам, исто така, да признаам дека има и извесен ризик во сето тоа. Во секој случај, јас сум руското присуство меѓу нас. Ќе ви кажам зошто: прво; бидејќи за нас тоа е вистинска можност да им ги покажеме на толкуте многу милиони мажи и жени нашите демократски вредности на слобода и човекови права. На почитувањето што Русите никогаш не го спознаа во пракса. Но, исто така, поради можниот ризик, кој секако дека би бил поголем, ако ја изолираме Русија, наместо да ја вклучиме во нашиот проект. Тоа би било дури уште посериозно за Русите, но и за нас сите. Секако, кога ја изразуваме нашата желба да ја прифатиме Русија како член во Советот на Европа, ние подразбираме дека оваа земја се обврза да ги исполни сите услови што се бараат од неа да стане член.

I/7.-

Како компетентна европска институција за заштита на демократските вредности и човековите права, предизвикот со кој се соочуваме е двоен.

Од една страна, треба да ги подобриме и забрзаме оперативните механизми на таа заштита, главно во однос на прецизна акција и функционирање на Судот за човекови права во Стразбур.

Од друга страна, итно треба да го прошириме самиот концепт и заштитата на човековите права, со цел да ги вклучиме и правата на националните малцинства. Доктрината на овој толку деликатен и толку експлозивен предмет е веќе значително елаборирана, и таа пред се ги здружува овие два принципа, пред да ги направи нераздвојливи. Мислам на правото на секое национално малцинство да биде почитувано, и на заштита на неговиот идентитет од страна на државата. Исто така мислам на правото на државата да бара неподелена и безрезервна лојалност од страна на своите национални малцинства кои живеат на нејзина територија. Покрај ова, во овој поглед создадени се или треба да се подготват многу правни инструменти, повторно на иницијатива на Парламентарното Собрание. На 1 јануари 1995 година се постигна голем чекор кога Рамковната конвенција, клучниот документ за гаранција на политичките права на националните малцинства низ цела Европа, беше отворена за потпис. Можеме да го поздравиме фактот што 21 земја ја потпиша оваа конвенција на првиот ден, што претставува своевиден преседан. Оттогаш уште пет држави им се придружија на овие потписнички. И други ќе следат, но сега е потребно да се одржи притисокот, така што државите кои веќе ја потпишаа оваа Конвенција, побрзо да ја ратификуваат, следејќи го примерот на Романија - првата земја што го стори тоа. Покрај тоа, еден дополнителен Протокол на Конвенцијата на човекови права треба да биде готов до крајот на 1995 година и тој ќе ги зацрта правата на националните малцинства во областа на културата и образованието; ова ќе значи дека Судот во Сгразбург ќе суди за кршење на овие есенцијални права и на тој начин ќе ги заштитува.

Не би сакал да го завршам ова поглавје за проектот за Европа без да кажам неколку збора за ЌЕБС/ОБСЕ. ЌЕБС беше во времето на неговото основање многу корисен инструмент, особено во време на студената војна. Беше толку ефикасен што сериозно придонесе за крајот на оваа војна и за конфликтот Исток у Запад со кој живеевме повеќе од 40 години. Сега мораме да изнајдеме некоја активност за неа која адекватно ќе се адаптира на новите околноста. Секако, нејзината нова задача мора да претставува активност што ни една друга институција не ја спроведува, или активност што ниедна од постоечките институции не би можела подобро да ја спроведе. Се обидовме да направиме чекор напред во овој поглед во текот на неодамнешниот Самит во Будимпешта, каде ЌЕБС постана ОБСЕ. Како и да е, мислам дека оваа институција би можела да даде значаен придонес за нашиот проект, особено на полето на заштита од конфликти, кое е многу важна Тоа е задача која не би можела никаде подобро да се реализира отколку во ОБСЕ. Дозволете ми да ве потсетам на улогата што таа ја одигра во вашата земја, давајќи добар пример

на ефикасност и правејќи важен чекор напред за иднината за Организацијата и за европскиот проект.

## IV - НЕКОЛКУ ПРЕДИЗВИЦИ НА ЕВРОПСКИОТ ПРОЕКТ

Во моментот, делумно поради повторното иницирање на проектот за Европа се појавуваат исто така огромни потешкотии и препреки што треба да се надминат, опоненти што треба да се преобратат, грешки што треба да се идентификуваат, коригираат и избегнуваат во иднина, закани што треба да се елиминираат. Но исто така, постојат и предизвици со кои мора да се соочиме за да може да напредува проектот како што ние сакаме. Ова пред се се однесува на целиот процес воопшто, но секако дека и во секоја од институциите на проектот се чувствува влијание, а на посебен начин и врз Советот на Европа.

Очигледно првиот голем предизвик е да се продолжи да се оди напред со сета сила, со цел проектот да напредува и покрај препреките и опонентите. Овие противници не се безначајни: ги има внатре и надвор од нашиот континент. Внатре, тие се сќептици, провинцијалци, ултранационалисги, а има и такви кои се спротивставуваат на демократијата, слободата и плурализмот. Надвор, бројни се и силни оние што не ја поддржуваат обединетата, па според тоа, моќна Европа - Европа која не им одговара на нивните интереси. Во согласност со основната обврска, мораме да ја следиме рационализацијата и координацијата помеѓу различните организации во нашиот заеднички дом и да вложуваме напори за да се надмине инертноста, па дури и корупцијата што ја придружува секоја бирократија, па така не помалку и евро-бирократијата, која ја познаваме, и чија жртва често пати сме биле и ние самите.

Со особена грижа мораме да ги браниме вредностите што сакаме да ги видиме на личната карта на Европа за која се бориме. На европскиот проект мора де се гледа насекаде - внатре и надвор - како извор на мир, толеранција, почитување, стабилност и рамнотежа. Мирот е идеал што трагично се спроведува во бивша Југославија, но исто така и во Русија и на Кавказ, додека останатите конфликти чекаат на праведни солуции, како во случајот со Кипар. Толеранцијата и почитувањето се изложени на насилствата на расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот, етничкото чистење и на крај, на догмата и ултранационализмот, кои се манифестираат со различни степени на интензитет во најголем број од нашите општества против кои мораме да се бориме, бидејќи предизвикуваат негативен ефект во нашиот проект на создавање на Европа.

Основниот предизвик на проектот за создавање на Европа во неговата сегашна состојба е демократското продлабочување на процесот. Овој напор за демократизација мора да се одвива на две различни, но комплементарни нивоа. Пред се, ова значи напредок кон поголема транспарентност и комуникација на европските институции со општеството. Но, тоа не е доволно;

во исто време треба да се преземат сите можни мерки за да им се овозможи на сите граѓани на Европа - особено на младите - да имаат пристап до информациите и треба повторно да се иницира ентузијазмот за учество, на начин што ги обезбедуваат политититичките и институционалните рамки на процесот.

На крај, постои предизвик на кој треба овде посебно да се осврнеме; сите мораме да бидеме способни да ги поздравиме во нашиот проект со достоинство, со топлина и со солидарност, илјадниците Европјани од Централна и Источна Европа на кои со декади оваа можност им беше ускратена. Исто така, мораме да ја прошириме свеста дека остварувањето на нашиот проект најмногу зависи од успешното инкорпорирање на овие мажи и жени. Успехот, исто така, наложува никој во овие земји да не ја поврзува слободата со сиромаштијата, ниту демократијата со социјалната неправда. Треба да се трудиме никој да нема причини да се разочара во оваа Европа што се простира до Исток, ниту со носталгија да се сеќава на тоталитаристичкото мината

По сето ова, убеден сум дека здравиот разум, координацијата и солидарноста ќе ни обезбедат добри шанси да го обновиме про-европскиот ентузијазам кај оние народи во Европа кои можеби го загубиле; и на меѓународно ниво, верувам дека можеме да ги убедиме нашите разни партнери дека цврста обединета Европа може да делува како стабилизирачка прогресивна сила во интерес на сите.

## V. <u>ВАШАТА ЗЕМЈА И ЕВРОПА</u>

Според околностите кои штотуку ги објаснив, лесно ќе разберете зошто чувствувам дека е привилегија да се биде помеѓу вас денес и да се изодат заедно со вас последните чекори по патот што вашата земја и вашиот народ ќе ги донесе во Советот на Европа, што ќе рече, во процесот на изградба на Европа. Како Шпанец и според моето лично искуство, можам подобро од било кој друг да разберам колку надежи може да постојат кај вас за да се "приклучите во Европа".

Навистина, вашата земја отсекогаш била на картата на Европа и вашиот народ одиграл значајна улога во многу историски поглавја на Европа. Но сепак, многу години кога сакавте да живеете како Европјани - да уживате во стабилноста, просперитетот и слободата - моравте да ја напуштате вашата земја, вашиот дел од Европа и да емигрирате некаде на друго место за да го најдете тоа. Приклучувањето кон Европа според тоа, значи пред се право да уживате во европските стандарди во вашата сопствена земја, во вашата околина, помеѓу вашите роднини. Тоа значи, социјалниот напредок демократијата да влезат тука, така што никој да не мора да оди во странство за да живее подобро и слободна

I/10.-

Затоа, надежта е клучниот збор за да се разбере вашиот став да станете полноправен член на европските институции. Надеж и достоинство. Надеж и достоинство за целата земја, за секој маж и жена, за секој граѓанин. Но, исто така, надеж за поголема стабилност и взаемно почитување и разбирање помеѓу различните етнички групи што живеат во рамките на вашите граници; надеж за мир и соработка во целиот регион каде што се наоѓа вашата земја; надеж за економски развој и социјална благосостојба.

Во Советот на Европа ние сме свесни и загрижени поради тензиите и конфликтите што ги имате со некои од вашите соседи. Контроверзната помеѓу Грција и вашата земја многу не засегна и предизвика загриженост и срам кај нас. И ние секогаш мислевме дека дијалогот и преговорите се единствен разумен, единствен европски начин за надминување на постоечките разлики. Демократските вредности, зад кои стои Советот на Европа, треба да обезбедат основа и рамка за решенијата кои им се потребни на различните народи во регионот.

Вашето членство во Советот на Европа, и она на Албанија, што ќе стане реалност во блиска иднина, треба да овозможи шанса да се сретнете кај нас со Грците и Бугарите; убеден сум дека сите ние заедно ќе можеме да го градиме мирот и прогресот во овој дел на нашиот континент.

Околу две години нашето Парламентарно Собрание е во тесен контакт со вашата земја, со вашиот народ и со вашиот Парламент. Тој контакт значеше развивање врски на почитување и симпатии. Ние почнавме длабоко да го цениме вашиот мирољубив, демократски, флексибилен, трудољубив народ - народ кој потполно го заслужува нашето разбирање и солидарност и нашата поддршка да го подигне стандардот на живот и развој.

Се забележува значителен напредок на повеќе суштински полиња: го изменивте Уставот и одржавте избори што беа дефинирани како слободни и фер од нашите и од останатите меѓународни посматрачи. Преземени се важни законодавни реформи, особено во сферата на човековите права. Задоволувачка соработка е развиена со експерти на Советот на Европа со кои се консултиравте, на пример во врска со правата на националните малцинства. Вашето учество како "специјални гости" во нашето Парламентарно Собрание ни пружи можност на сите нам да учиме и да напредуваме.

Нашите експерти од Судот за човекови права и од Комисијата ни обезбедија многу полезен извештај за судската подлога на вашата земја. А Известувачите на нашето Собрание го посетија Скопје минатиот месец и се вратија со многу позитивни впечатоци. Всушност, ќе се бараат повеќе подобрувања, но имам чувство дека релевантните комитети на нашето Собрание наскоро ќе бидат во состојба да го препорачаат прифаќањето на вашата земја за полноправен член на Советот на Европа.

I/11.-

Потоа, се ќе зависи од Комитетот на Министрите на Советот на Европа, каде Министрите за надворешни работи на сите земји членки се состануваат да го дадат последното зелено светло. Моја искрена надеж и моја заложба е дека сето тоа ќе се случи за време на мојот мандат како Претседател, кој завршува во јануари 1996 - најдолгиот период кој било кој Претседател досега го минал на чело на Парламентарното Собрание. Можноста да го поздравам вашиот народ во Советот на Европа, како Претседател, ќе остане во мојот живот и во мојата политичка кариера како еден од најсреќните настани за кои сум можел само да сонувам.

## VI. <u>ЗАКЛУЧОК</u>

Би сакал да завршам со уште неколку коментари. Првиот се однесува на ужасниот конфликт што трае повеќе од три години на територија што е блиску до вашата земја, во државите што ви беа партнери до неодамна и кои пак ќе бидат повторно ваши и наши партнери во иднината што мораме сите заедно да ја градиме, патем речено, иднина која мора да ја градиме така што да биде невозможно слични конфликти да се појават повторно.

Секако дека немам намера сега да го анализирам или да давам оценки за она што се случи, и се уште се случува, во повеќе делови на она што некогаш беше Југославија. Но чувствувам дека морам да ја искористам ова пригода за да истакнам дека е апсолутно неопходно сите да останеме со нашите заложби и ангажирани се додека не се пронајдат решенијата на различните конфликти, решенија кои очигледно им се толку потребни на оние што директно страдаат од војната и од нејзините последици, но потребни им се, исто така, и на оние како вас што се блиску до местото на случување на конфликтот. Тие ни се потребни и на сите нам, на нашиот проект во целина, кој е под знакот на прашање па дури и под закана поради настаните што ги споменав.

Патем, чувствувам дека ми е должност да предочам дека овие настани не се нешто ново и секако не и се туѓи на европската историја, или ако смеам да кажам, на "европската цивилизација". Напротив, она на што сме сведоци, а се случува неколку километри одовде, односно, граѓанската војна, концентрационите логори, истребувањата, воените освојувања, етничкото чистење, религиозните судири, омразата, расизмот, нетоleranција...ништо од тоа не дошло однадвор во Европа. Тоа многу повеќе и припаѓа на нашата сопствена историја. Но, внимавале, тоа и припаѓа на историјата на најразвиениот центар, исто онолку колку што и припаѓа на историјата на помалку развиената периферија на нашиот континент. Колку е тоа дел од историјата на едно многу далечно минато, толку е и дел од историјата на едно многу блиско мината

Предочувањето на овие факти е всушност основата на современиот процес на изградба на Европа. Не може да се заборави дека европскиот проект е роден и треба да опстане за да открие и востанови механизми кои нема да дозволат да се повтори тој дел од европската историја и личност. Всушност,

модерното европско знаме се роди пред се по инспирација на слоганот "никогаш повторно" од доцните четириесетти... Никогаш повторно тоталитарни системи, никогаш повторно војни и уништување. Никогаш повторно протерување и бегалци... Никогаш повторна Затоа мојот одговор и мојата заложба во врска со конфликтот во бивша Југославија е Европа, Европа, Европа. Нашата Европа, се разбира.

Пред самиот крај на моето обраќање, дозволете ми да го повторам пред сите вас моето свечено обврзување на пријателство, соработка и поддршка на вашата земја. Ви благодарам.

(Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да се заблагодарам на г-дин Мартинез за одржаниот говор. Верувам дека со мене ја споделувате оваа благодарност и сите вие присутни пратеници на Собранието на Република Македонија, како и македонската јавност која со посредство на телевизијата имаше можност директно да го проследи овој инспиративен говор на нашиот ценет гостин.

Во оваа прилика би сакал да потсетам на мирниот и демократски пат по кој Република Македонија ја стекна својата независност и државен суверенитет, а исто така да ја нагласам нашата цврста и непоколеблива определба да истраеме на демократската опција на внатрешен и по европската ориентација на надворешен план.

На крајот, пред нашиот високо почитуван гостин, сакам да го изразам нашето очекуваше дека Република Македонија наскоро ќе биде рамноправен плен на Советот на Европа, таа најстара демократска институција на нашиот континент. Интеграцијата на Република Македонија и нашето партиципирање во оживотворувањето на европскиот заеднички дом е наша егзистенцијална потреба, верувам тоа е во интерес на стабилна просперитетна перспективна обединета Европа.

Дами и господа пратеници, по пауза од 15 минути ќе продолжиме со работа.

(По паузата) (

Седницата продолжи со работа во 12,50 часот)

На продолжението на седницата раководеше г-динот Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам пратениците да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Записниците од 17-та и 19-та седница на Собранието на РМ ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Извештајот од Комисијата за култура, ја пред седницата интервенирав, не се согласував со Извештајот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прашувам за записниците од 17-та и 19-та седница.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Се извинувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Наќе Стојановски во име на предлагачите: Александар Гештаковски, Благоја Стојановски, Живко Јанкуловски, Славко Котевски, Вељо Тантаров и Бранирод Михајловски го повлече предлогот за донесување на закон за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините: Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен, со Предлог на закон.

II/2.-

Од овие причини Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Предлогот за донесување на закон за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините. Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен, со Предлог на закон поднесен од Владата на Република Македонија и му предлага на Собранието на оваа седница да го разгледа Предлогот на закон поднесен од Владата на Република Македонија.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Владата на Република Македонија имајќи го предвид значењето на Предлогот за донесување на закон за заштита од пушењето со Предлог на закон а поради кусиот рок од добивањето на законот за утврдување на мислење, му предлага на Собранието да го разгледа на наредната седница.

Го молам предлагачот на законот, пратеникот Никола Г. Поповски да се произнесе по предлогот на Владата.

Г-динот Поповски не е тука.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство му предлага на Собранието дневниот ред на оваа седница да го дополни со Предлог на одлука за давање

согласност на статути на јавни здравствени организации. Предлозите на одлуките ви се поделени.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Благодарам.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со:

Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за меморијален простор во зградата на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлагачот на предлогот за донесуваше на закон за изменување и дополнување на законот за данок од добивка, со Предлог на закон, пратеникот Благоја Стефановски побара од оваа седница да се одложи разгледувањето на предлогот на овој Закон за една од наредните седници на Собранието.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

II/4.-

1. Предлог на закон за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови на човековото тело заради лекување;

2. Предлог за донесување закон за воена академија, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај
Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за социјална реформа и техничка помош, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за приспособување на финансискиот сектор и претпријатијата, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за превоз во патниот сообраќај;

8. Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

9. Барање на Општинскиот суд Скопје II - Скопје за давање одобрение за водење кривична постапка против Ристо Маринчевски, судија на Окружниот Стопански суд во Скопје;

II/5.-

10. Барање на Општинскиот суд Битола за давање одобрение за водење кривична постапка против Трајче Бутнејски, судија на Окружниот суд во Штип;

11. Барање на Општинскиот суд Титов Велес за давање одобрение за водење на кривична постапка против Драги Дилберов, судија на Општинскиот суд во Гевгелија;

12. Барање на Општинскиот суд Битола за давање одобрение за водење на кривична постапка против Олга Бошевска, судија на Окружниот суд во Битола;

13. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања- Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Институтот;

14. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на РО Земјоделски институт - Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Институтот;

15. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Издавачкиот совет на Новинско издавачката работна организација Службен весник на Република Македонија;

16. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Музејот на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје;

17. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Рударско - геолошкиот факултет во Штип.

18. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за туризам и угостителство- Охрид;

II/6.-

19. Предлог на одлука за разрешуваше и именуваше претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола;

20. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Филолошкиот факултет во Скопје;

21. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување директор на Педагошката академија "Свети Климент Охридски" во Скопје;

22. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување директор на Педагошката академија во Битола;

23. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за драмски уметности во Скопје;

24. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје;

25. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Природно – математичкиот факултет во Скопје;

26. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје;

27. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп;

28. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје;

29. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на новинско- издавачката работна. организација Службен весник на Република Македонија;

30. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.

x

x x

31. Предлог на одлука за избор на претседател Л~членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.

32. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кавадарци- Кавадарци.

33. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Медицински центар Кичево,

34. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид;

35. Предлог на одлука за даваше согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита- Кочани.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор г-ѓа Куљан-Зогравска.

**РАТКА КУЉАН-ЗОГРАФСКА:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, Законот кој ни е даден за усвојување по точка 1 од дневниот ред, всушност е закон за транспортација. Методата се применува кај нас повеќе години и волгавно се однесува кај хроничните бубрежно болни и претставува висок домет во медицинските науки. Особено тоа е висок домен во менување на квалитетот на животот на тие болни, кои што инаку се врзани за апарат и се зависно болни. Неспорно е дека треба да се поддржи развивањето на биотехнологијата во овој сегмент на медицинската наука и дека е потребно да се донесе закон за тоа. Законот ги опфаќа трите сегменти учесници во постапката за пресадување. Тоа е: донаторот на органи за пресадување; здравствената институција, која тоа го изведува и пациентот или рецитиентот на органот кој што се предадува. Најосетлив дел во сите законодавства кои што имаат закони во оваа област е првиот сегмент во оваа процедура или донацијата на органи, или земањето на органи на луѓе после нивната смрт. На 93-та конференција на Интерпарламентарната Унија во Мадрид се совети цела една сесија токму само на првиот сегмент. Кратко се реферираше голем трансфер на органи од земјите на третиот свет, или од неразвиените земји према западните земји кои што ја работат методата на пресадување и тоа законски и незаконски. За незаконското трансферирање на органи не сакам да зборувам, но законското трансферирање е возможно таму каде што Законот дава широки индикации за добивање на органи за пресадување.

II/9.-

Не сум сигурна дека Парламентот како највисоко законодавно тела на државата има право да се меша во правата на човекот, или поточно во обичајните права на човекот; да одлучува донација на своите органи за време на животот и после смртта, лично на правата да одлучува за својот имот, право кое што не завршува со човековото умирање, туку се почитува и по неговата смрт. Кратко кажано, не сум сигурна дали не се повредуваат тие права во членот 6 во предлогот на овој закон и од аспект на правата на донаторот, од аспект на заштита на здравствените институции кои што тоа го вршат и на здравствените работници како поединци.

Предлагам овој Закон да се одложи за наредната седница заради заокружување на комисиската процедура. Притоа сакам да ви нагласам дека нема никакви забелешки на мислењата на комисиите кои што веќе по овој закон дискутирале, а тоа е Комисијата за здравство и ЗПК. Но, мислам дека имам и лична вина заради тоа што правниот аспект на овој Закон, и тоа во сегментот што го кажав и тоа мислам дека треба уште да се дозаокружи, па да се стави на дневен ред, што би било од полза и за предлагачот на Законот, заради тоа што во крајна линија проблемите стигнуваат до него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Има збор г-динот Филипче, министер на Владата на РМ.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Почитувани пратеници, со внимание го ислушав излагањето на мојата колешка, меѓутоа сметам дека со донесувањето на овој Закон ние пред се сакаме да го олесниме и регулираме излегувањето на трансплантацијата во Република Македонија и на нашите граѓани да им ја пружиме на користење оваа извонредна метода на лекување само за оние случаи за кои таа е корисна.

Мислам дека со години ние филозофски размислувам еза овој закон и поради таа филозофија ние не можеме да донесеме закон. Дали и понатаму ќе допуштиме да ни умираат нашите деца, нашите родители, нашите пријатели, дали и понатаму ќе допуштиме да го гледаме плачниот и тажен поглед на детето или еден ужањен поглед на родителот кој што бара помош и вели "докторе дали има спас". Спасот за одредени болести, за одредени состојби е точно трансплатациала. Затоа јас ве молам да го поддржите овој Закон. Со подигање на рака на секој еден од вас се надевам дека ќе спасите еден човечки живот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имаме предлог на г-ѓа Куљан Зографска овој предлог на закон за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови на човековото тело заради лекување да се одложи од денешната седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Дали има уште некој предлог за изменување или дополнување на дневниот ред?

Има збор Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседатеале, почитувани пратеници,

Пред да се закаже 20-та седница на РМ до пратениците е доставен од страна на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал извештај за работењето на Агенцијата во пери.-одот од 1994 година, цела, заклучно со мај месец 1995 година.

Законска обврска е на Агенцијата, што е и во самото пропратно писмо наведено да доставува еднаш годишно извештај за својата работа до Парламентот на РМ. Со оглед дека член 92 од Законот кој ја регулира оваа проблематика е дециден, Агенцијата не доставува информација за својата работа, туку доставува извештај, формата на извештај подразбира дека Парламентот е должен да го разгледа Извештајот што е доставен бидејќи е тоа негова законска обврска.

Од тие причини, со оглед дека материјалот е доставен уште пред оваа седница да бидеа закажана, не знам од кои причини не е ставена на дневен ред, а со оглед дека имаме законска обврска и дека тоа е извештај, а не е информација за работењето на Агенцијата предлагам на Собранието да се изјасне во дневниот ред на денешната седница да се вклучи и овој материјал кој ни е доставен и Собранието согласно својата законска обврска да го разгледа и да донесе заклучоци по него.

Барам по овој предлог Собранието да се изјасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-дин Поповски, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Молам, Службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(Службигге ги пребројуваат пратениците во сала).

Констатирам дека 40 пратеници гласаа за, а вкупно се присутни 85 пратеници.

Според тоа Предлогот не е усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Поповски, молам да крене рака?

40 пратеници гласаа за.

Вкупно присутни се во салата 85 пратеници. Според тоа предлогот не е усвоен.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам претениците да го уважат предлогот што ќе го изнесам, да се симне точката од дневен ред Предлог одлука за именување на членови на посебна комисија за именување декан на економскиот факултет во Прилеп, затоа што во меѓувреме дојдени се до некои сознанија во врска со овој нов предлог, за преиспитување на одлуката на Комисијата за избор и именувања^на наредната седница. Молам, ова барање да се уважи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи е предлагач Комисијата, нема што да расправаме, Комисијата го повлекува предлогот.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Мислам дека прашањето кое што го постави г-динот Наќе е лично негово барање, не е став на Комисијата и треба така да го поставите за гласање овде. Ова што го изнесе г-динот Наќе Стојановски не е став на Комисија,ние не сме расправале, туку ние сме донеле одлука за господата кои што се предложени за во конкурсната комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, господине Стојановски, дали ова е став на Комисијата, или е твој став. Тогаш треба Комисијата да го реши прашањето. Ние гласавме врз основа на Предлог на Комисијата. Комисијата треба да предложи сега дали ќе го повлече од дневен ред или не.

III/2.-

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека бев доволно јасен. Мислам има нови моменти кои Комисијата на седница треба да ги расправи во врска со предлогот и затоа молам, од денешната седница да биде симнат од дневен ред овој предлог претходно што го има Комисијата дадено за да се расправат тие прашања што претходно, накнадно се јавија во врска со одлуката што ја има Комисијата изградено. Мислам тоа е легитимно барање за кое треба Собранието да се изјасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ние гласавме и ја уврстивме оваа точка во дневниот ред. Предлагач е Комисијата. Ако треба да гласаме да се симне, треба да има седница на Комисијата. А ако е предлог на г-динот Наќе Стојановски како поединец, ние го апсолвиравме прашањето, веќе го усвоивме дневниот ред. За тоа гласавме. Ја уврстивме точката во дневниот ред. Ве молам, за иста работа треба два пати да гласаме јас сепак мислам дека е најдобро да се повлече Комисијата и да си го преиспита предлогот.

Тогаш да дадам пауза од половина час за да се свика Комисијата. Паралелно ќе работи.

Дали има уште некој друг предлог за изменување и дополнување на дневниот ред. (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед на тоа што навреме не се пристигнати одговори на порано поставените пратенички прашања што е услов за поставување

на дополнителни прашања од страна на пратениците, предлагам поставувањето на пратеничките прашања да се одложи за наредната седница на Собранието до кога е потребно Владата на Република Македонија и нејзините членови да достават одговори на сите порано поставени пратенички прашања. За овој предлог претходно е известено и Владата на Република Македонија.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?0. пратеник)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови на човековото тело заради лекување.

Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

ОТВОРАМ ОПШТ ПРЕТРЕС.

Молам кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Комисијата за здравство поднесе амандмани на член 29 став 1 точка 4, член 32, став 2, и на член 34.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 18 став 2 и на член 31 став 1 и 2.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Се согласувам со предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 став 1 точка 4, поднесен од Комисијата за здравство со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

С о оглед на тоа, дека се работи за една непрецизна, за една техничка грешка, имено, зборот "изврши" се заменува со зборот "заврши". Се согласуваме со тој амандман. Го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 и 2, поднесен од Законотавно-правната комисија, со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Го прифаќаме и овој амандман со оглед на тоа дека нашиот закон беше ставен во процедура пред да се донесат законите за казнени одредби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2, поднесен од Комисијата за здравство. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Се прифаќа и овој амандман.

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од Комисијата за здравство. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Го прифаќам и овој амандман со образложението претходно дадено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот,

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

али има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека собранието го донесе Законот за условите за земање, разменување пренесување и пресадување делови на човековото тело заради лекување.

Минуваме на **точка 2** - Предлог за донесување на закон за воена академија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

III/6.-

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници дами и господа, кратко време по осамостојувањето на нашата држава ова Собрание во февруари 1992 година се донесе првиот системски закон во Република Македонија Законот за одбрана. Со неговото донесување законски се уреди системот на нашата одбрана и се конституира Армијата на Република Македонија. Од првата успешно реализирана задача преземањето на нашите граници до целосното конституирање на пограничните единици конституирањето на основните видови родови и служби и постапното заокружување на системот на одбраната се до воспоставувањето во последно време на плодната и успешна меѓународна соработка нашата армија доживува постојан раст и подем. И под вака сложените политички, а пред се економски услови под кои што ги минуваме последните години, услови во кои неправедно ги трпиме и последиците од ембаргото на Обединетите нации, Армијата на Република Македонија постојано ја подига својата борба на готовност и тоа и на мирновремениот и на воениот состав и во услови на мир се оспособува за заштитата на нашата самостојност и нашиот територијален интегритет. Со резолуциите донесени во ова Собрание јасно ја изразивме нашата волја за приклучување кон колективните системи на безбедност и одбрана. Нашето полноправно членство во нив се уште се попречува со злоупотребата на правото на вето што го имаат некои од постарите членки на овие системи. Сепак, благодарејќи на нашата конструктивна надворешна политика извонредното стратешко значење на нашата држава за мирот и стабилноста на регионот и пошироко како и евидентниот интерес што го изразија носечките земји на овие колективни системи на одбрана, ние веќе подолго време го уживаме третманот на рамноправно членство во некои од овие колективни системи. Споредувајќи се со нивните системи на одбрана, со нивните поединечни, или здружени вооружени сили дојдовме до сознание дека

многу малку, или воопшто не се разликуваме по цивилниот модел на одбраната што го градиме, по организациско формациската структура на нашата Армија, професионалното извршување на задачите и по стручноста, обученоста и моралната цврстина на нашите кадри. Меѓутоа, евидентни разлики се појавија во некои делови од нашата логистика опременоста со материјално техничките и воените средства и пред се со непостоењето на заокружен модерен систем на образование и обука на нашите воени старешини. Уште повпечатливи се разликите во структурите на нашите воени старешини и во мирно времената и во воената формација кои имаат директна врска со непостоењето на ваков конзистентен систем на образование. Додека во сите армии на земјите членки на НАТО преовладува подофицерскиот и офицерскиот кадар до чин капетан , или капетан прва класа и претставува срцевина на кадрите што ја спроведуваат обуката и командувањето со основните единици, кај нас преовладуваат офицерите со повисоки чинови кои што можат да командуваат со поголем број воени единици кои што пак се сразмерно во многу помал број. Тоа е причината што кај старешинскиот кадар имаме многу лоша старосна структура и што по основ на стекнување на услови за пензија, или губење на способност имаме невообичаено висок одлив на кадри и во мирновремената и во воената формација од околу 4% годишно што значи дека ако се продолжи со ова темпо тој ќе биде преполовен за неполни десетина години.

Другата структурираност на кадрите односно нивната предимензионираност за некои од родовите и нивната подимензионираност за други родови на нашата армија исто така се одразува крајно негативно на соодветната кадровска екипираност. Познато е дека нашите кадри потекнуваат од бившата армија и територијалната одбрана и дека тоа е основната причина за ваквата несоодветна профилна и старосна структура. Но, тоа произведе и несоодветна застапеност и на кадрите од поедините националности. Да

III/8.-

беа овие кадри во минатото образувани за Армијата на Република Македонија низ еден систем на образование проектиран за нејзините потреби сигурно е дека и нивната застапеност ќе соодветствуваше барем приближно на застапеноста на соодветните националности во вкупното население на Република Македонија. Дел од овие проблеми се разбира делумно се надминуваа во изминатите години со отворањето на установата за образование на воени старешини со која се овозможи своето образование да го довршат сите наши граѓани чие што школување беше прекинато по нашето осамостојување. Меѓутоа, деновиве своето образование го заврши и последната класа на питомци од оваа категорија на наши граѓани. Ако не се отвори можност за перманентно образование на кадри за Армијата на Република Македонија со отворањето на воената академија за што е потребно денес Собранието да го донесе предметниот закон, Република Македонија ќе остане единствената земја што нема таков систем на образование и нашата армија за кратко време ќе остане без потребниот команден кадар. Покрај тоа што ова е еден од основните услови за изградувањето на нејзината потребна борбена готовност соодветното образование на воените кадри е и еден од основниот услови за нашето рамноправно зачленување во колективните системи на одбраната и вклучувањето во новата европска безбедносна архитектура. Затоа Владата на Република Македонија уште минатата година излезе со Предлогот за донесување на законот за воената академија кој беше доставен и ставен на седницата на Собранието од 30 август 1974 година и сигурно ќе беше донесен ако во тој период се одржеше седницата на Собранието. И тогаш и вој пат Законот ја помина целата собраниска процедура и верувам дека тоа беа причините што предизвикаа извонредно одговорна и конструктивна расправа на сите комисии на кои се разгледуваше проектот и што ја доби потребната поддршка. Со него се предвидува основање на високо образовна наставно научна

III/9.-

институција за која како таква важат сите одредби од постојниот Закон за насоченото образование во сферата на високото образование со исклучок на оние одредби кои што ја регулираат спецификати на Академијата. На неа ќе бидат организирани четиригодишни студии по чие завршување питомците се стекнуваат со УИ^ степен на образование и со правото да бидат произведени во чин потпоручник за пое- диниите родови на нашата Армија.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Во договорите што ги потпишавме со неколку држави за соработка на полето на образованието е предвидено наставните планови и програми за овие четиригодишни студии да ги изработиме заедно со експертите од нивните воени академии по стандардите што се применуваат во земјите членки на НАТО.

Кандидатите за питомци треба да имаат завршено средно образование, да ги исполнат условите кои се пропишани во членот 14 и се разбира успешно да го положат квалификациониот испит. На студиите ќе бидат организирани во елитна воена единица со интернатско сместување и платени трошоци за школување. Практично, сите предуслови за отпочнување со работа на академијата се создадени, за тоа што таа всушност ја продолжува функцијата на досегашната установа за образование на воени старешини каде што е обезбеден современ простор, терени за обука, соодветен кадар. Покрај студиите за стекнување на 7,1 степен на образование, на академијата ќе се реализираат и едногодишни специјалистички студии за старешините, што ќе бидат произведувани во чин поручник за службите на армијата во Република Македонија, а статусот на питомци, ќе го стекнуваат по завршувањето на соодветно високо образование и повторно исполнувањето на условите на членот 14.

За перманентното обезбедување на наставно - научниот кадар на самата академија, ќе се организираат студии од трет степен , за стекнување на образование од 7,2 степен и ќе се организираат докторски студии од областа на воената страдекија, оперативата и тактиката.

Академијата ќе го достигне своето највисоко ниво, командно-штабна академија, со тоа што ќе се организираат и едогодишни специјалистички студии за старешините што треба да се произведат во

IV/2.-

чин мајор и понатака да бидат произведени во чиновите потполковник и полковник, за да може да командуваат со тактичките и оперативните единици на нашата армија. Република Македонија, како и повеќе од 50% од земјите членки на Обединетите нации не е во состојба да го организира највисокото ниво на воените академии, школата за национална одбрана, која што треба да се заврши од страна на највисоките офицери, полковниците на нашата армија, за да се стекнат со условите за произведуваше на највисокиот генералски чин. Нив ќе ги образуваме во системите на образование во земјите со кои што потпишавме договор за соработка на ова поле.

На крајот би сакал да истакнам уште дна многу битна функција на академијата. Со нејзиното основање како јадро на системот за образование на носечките кадри на Армијата на Република Македонија, таа ќе овозможи околу неа да се создаде еден современ центар за образование и на сите други кадри потребни за армијата каков што е подофицирскиот кадар и кадарот за резервниот состав, кој што е многу поброен. Со тоа на современ начин во наши услови и према нашите потреби ќе развиеме еден комплетен систем на образование на кадрите, што ќе ја спремаат и нашата мирновремена и нашата воена формација за одбраната на нашата независност и териоријален интегритет, како што е тоа пропишано и во нашиот Устав и во Законот за одбрана. Јас очекувам целосна поддршка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Г-дин Биљали.

**МЕРСИЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници, чувствувам за потребно да објаснам нешто, кое изгледа или не се сваќа, или погрешно се сваќа, или намерно не се

сака правилно да се сфати. А тоа нешто, исто така, е поврзано и со Предлогот на законот за кој моментално и расправаме. Сфаќањето или несфаќањето на ова што ќе го изнесам за мене претставува прашање прашање од клучна важност, не само од причина што сметам лично дека се прекршува Уставот, туку изгледа и се настојува да се изгради такво сфаќање на концептот на граѓанска држава, која изгледа никаде во светот не е пример односно практика. Просто се настојува да се изгради концепт на граѓанска држава која е рамна на нацијократија која сама по себе содржи опасни не демократски елементи. На неколку наврати кога при комисиive и другиве работни тела на Собранието на Република Македонија кога беа поставени на дневен ред одредени прашања кои санкционираат кадровски прашања, повеќе пратеници предлагале да се воведат таканаречени национални квоти, што е практика во повеќе демократски држави и не е во спротивност со начелата на концептот на граѓанска држава. Посебно ќе кажам нешто во врска со седниците кои ги одржува Законодавно - правната комисија, исто така и вчерашната, одбивањето да се прифатат како амандмани воведувањето на националните квоти се образложува со тоа дека со тоа ќе се наруши граѓанскиот концепт на државата и ќе се нариши принципот на професионализам на избирање на кадри и т.н.„ Јас сметам дека тоа е чист апсурд. Ако ја гледаме реалната фактографија за учеството на власта на припадниците на националноста во сите струк- тури на државната власт, тогаш можеме да констатираме нешто сосема апсурдно, дека одредените припадници на една национална заедница изгледа некој сака да ги смета за непрофесионални и затоа толку малку тие учествуваат во тие структури на државната власт. Изгледа како да не се сака да се сфати дека секој не само што е граѓанин, туку тој случајно или не случајно и припаѓа на една национална заедница и тоа е реалност и јас сметам дека не треба да се побегне од реалноста.

IV/3.-

Се работи за народна одбрана. Јас сметам дека народната одбрана е доста чувствителна област и за да имаме ефективна народна одбрана каде припадниците на народната одбрана со договорност и со желба би ги извршиле нивните задачи, што е и обврска и морал,сметам дека треба да постои висок морал кај припадниците на народната одбрана, односно војската. За да постои тој висок морал треба да се изградат односно постојат одредени предиспозиции или предуслови. А во тие предиспозиции и предуслови спаѓаат и кадровските решенија. Јас сметам дека ништо не сме постигнале ако ние со нашите постапки спречиме дека припадниците на оружените сили да не ја чувствуваат до крај Македонија субјективно како сопствена држава. Тоа ни е морална и политичка и секаква обврска да работиме спротивно. Нашиот концепт на граѓанска држава из- гледа е некако несфатлив за другите, во нормалните држави постојат граѓани државотворци и национални малцинства, кои исто така се граѓани државотворци. Значи, не постојат народи државотворци и национални малцинства , туку граѓани и национални малцинства, ние ги викаме националности само затоа за да уживаат екстра заштита, екстра протекционизам и да можат да го сочуваат својот културен идентитет и т.н. Меѓутоа, тоа е за да се обезбедуваат, значи се воведуваат клаузули на позитивна дискриминација. Меѓутоа, фактичката состојба кај нас покажува дека, реално сакајќи ние да го признаеме или не, изгледа во практиката се рефлектира како негативна дискриминација.

Исто така, се кажа дека треба да се има доверба во институциите на системот, министерот и дека министерот за одбрана ќе се ангажира практично таа состојба да се поправи. Покрај министерот, изгледа во кадровската структура на одбраната албанците се некаде 4,6% што е симболично земајќи го предвид и тоа што статус тие имаат, јас сметам дека позициите се деградирани и автоматски тука се поставува

прашањето што можеме практично да преземеме за да се поправи тоа, па и формално да се воведат одредени механизми и клаузули во законите кои се усвојуваат. Се кажа дека треба да се има доверба, за мене тоа е скоро бесмислено, тоа е толку нормално ако идете во банка , па службеничката кога ги подигнете парите ќе Ви ја бара личната. карта и Вие ќе се налутите и ќе кажете, па зошто немате доверба во мене. Па тие се механизми, тоа е функционализам и така треба да се сфати. Не треба да се препушти на никаква случајност, никаков волонтаризам, никаква добра волја и т.н. Напротив, треба да се вградат одредени механизми, сегменти кој тоа ќе го остваруваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги и г-дине министре, јас молам, сепак, уште некои работи да ми биде дозволено да ги изнесам денес по овој повод, а мислам дека некој од нив имаат пошироко значење од самите потреби, по моја оцена, на овој закон.

Прво, мислам дека е наша должност да искажеме и една поддршка во овој момент на самиот чин дека втасавме до ниво дека'-како самостојна држава и заедница на луѓе, граѓани и народи тука да формираме високо школска институција од највисок ранг за образување на воени кадри. Секоја самостојна држава, покрај сите други елементи, една од важните е да се потврди и во способноста да се самоорганизира во градењето на кадрите за една област така важна и деликатна како што е одбраната. Јас мислам дека оваа седница по тој повод и со усвојвуање на овој закон има да кажеме и еден државничко свечен чин со самиот факт дека усвојуваме еден таков акт.

IV/6.-

Второ, јас мислам дека добро направи г-динот министер тука што покрај другите причини што ги искажа за потребата од формирање на оваа високо школска институција, кажа дека е тоа потреба, покрај другото и за кадрите од националностите кои што ќе бидат составен дел во градењето на целиот концепт на одбраната на земјата. Мислам дека сите тие се непобитни факти кои што треба да се истакнат како наш и придонес и достигнување. Меѓутоа, јас сакам да искажам и една загриженост и лична, а верувам дека ќе го споделиме тоа натаму заеднички со оглед дека се повторува една појава , еден факт, кој еве сега е трет по ред. Тоа беше со Законот за државната управа, тоа беше со законот за кадрите за безбедност, мислам со Законот за внатрешни работи, односно овој дела за образование на кадри, сега доаѓаме и на овој закон кој иста проблематика, по исто тоа расправаме. Ние како Собрание, сепак, навистина треба политички да се определиме дали при нормирање на односите за обезбедување на урамнотежен состав и пристап и присуство на сите граѓани од сите наши структури и состави, како што ги вика- ме инаку, дали тоа ќе одиме со еден закон во една норма или со една резолуција да го регулираме како постулат на нашата политика, или ќе одиме за секој закон поодделно тоа да го правиме. Искрено да Ви кажам, па ние сите сме сведоци овде дека оваа држава има одредена правна традиција. Во таа правна традиција со сите овие специјални закони од ваков карактер беше нагласено дека при подготвување на кадри или при формирање на органи ќе се води сметка за застапеноста на структурите, националностите,народностите и т.н., како што според уставното уредување, ги кажавме. Ние сега одеднаш таа традиција ја прекинуваме без да имаме некој друг валиден акт исто така од државно правен карактер, Устав, закон кој што на еден генерален начин тоа ќе го регулира и како морална, но и како правна обврска на сите субјекти кои што делуваат во општеството. Зашто, на тој начин

тогаш сите и заедно сме на некој начин обезбедиле заемна одговорност и взаемно ангажирање во разрешување на овие проблеми. Зашто, внимавале, Уставот има друга дикција од ова што се обидуваме преку законите да го објасниме. Јас би ја прифатил тезата дека сакаме граѓанска држава во која сите граѓани се исти, ќе се бориме да создадеме свест за тоа. дека сите од нас ќе бидат исто третирани, ќе имаме ист однос меѓутоа, ние во Уставот имаме друга дикција. Ние имаме во преамбулата прогласена . национална рамноправност имаме во текстовите за граѓанските права истакнато за правата на националностите, имаме член 48 кој санкционира посебни области од посебни права. според тоа, или во Уставот ќе одиме, па ќе кажеме дека обезбедуваме граѓанска рамноправност на сите, според тоа не ни треба член 48 и овие други специјални одредби,па тогаш во сите закони ќе одиме така, или ќе го пуштиме на Уставот за специјалните, односно за посебните сфери и потреби ќе ја нагласиме во законот и таа потреба. Јас не сум во никакво сомневање, ниту личност , ниту институција, апријори, но сепак ние мораме да имаме взаемна обврска, заради взаемна сигурност. Чувството на ова деликатно подрачје дека е тоа со сета одговорност и наша и со сета доверба да кажеме во неа да се служи како граѓанин кој што мора по секоја цена да ја брани, тој треба во стартот исто така да биде поставен дека без него таа армија нема, мислам не како воен состав или војнички, туку како и состав команде нема да постои Тоа е за него морално право големо и голема морална и објективна одговорност, како и материјална одговорност. Еве затоа уште еднаш чувствувам за потреба да нагласам дека ова го нагласуваме, верувам не само јас и другите, затоа што сакаме добро на сите и мислиме дека е во интерес на сите, инаку не би го кажале.

Второ, дека јас знам за тоа не нудам сега амандмани, зашто Вие не можете да гласате за мојот амандман, мислам за најголемиот дел пред тоа како политика да го договорите во вашите парламентарни групи. Јас уште еднаш молам за вакви работи пред да дојде законот во парламентарните ваши расправи за овие прашања на некој начин да се гради поли- тика. А уште би апелирал овде јавно и на министерот што е присутен, па и на Владата за некои прашања од ваков карактер да се организираат во рамките на владата одредени консултации со сите тие структури од овие кои што можат да бидат заинтересирани за вакви области, па евентуално пред да ја градиме нормата да имаме политика при формулирање на нормите. За што, тоа единствено тоа ќе не води кон тоа за да утре на некој начин по сигурно и нормите ги носиме и овде сите норми да бидат наши и да ги гласаме сите. За што за ваков важен закон мене ќе ми биде жал да гласам против, а мислам дека тој не даде шанса на некој начин да ми ја изрази довербата, а јас да ја изразам сигурноста дека тој е способен да ги оствари задачите така како што ние и судбината да кажеме но, пред се, историјата и иднината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Молам, кој друг бара збор?

Г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господо, г-дине претседателе не ми е јасно што се бара со едни вакви споредби, викаме дека создаваме квалитетна армија, квалитетна одбрана, а јас лично би бил навреден ако некој ги барал лично за мене некое фаворизирање, што би значело од напред комплекс

на некоја пониска вредност. Зошто ние сега прејудицираме дека не може таму да биде составот соодветен на квалитетот на кандидатите без оглед на нивната припадност. Зошто ние однапред прејудицираме дека некој не ќе може да биде застапен пропорционално, па дури и повеќе нека биде ако има афинитет, ако има подготовка, ако има како што рекоа претходниците и традиција и слично. Сметам дека ако армијата, ако одбраната е интегрален дел, сметам дека едно вакво подвојување, а би требало сега да се постави вториот фактор, зошто само една националност да се фаворизира, ако почнеме сега да редиме во тие питомци колку треба да има турци, срби, власи, бугари и други, роми, што ќе биде од таа армија. Ова е одбрана, според тоа, никој нема да биде спречен ако има квалитети да се образова и понатаму да напредува до сите оние високи чинови кои што тука ги нагласи министерот г-динот Ханџиски. Сметам дека нема потреба воопшто од некои страв дека некој не ќе може таму да се образува, поаѓале од тоа дека имаме доволен потенцијал, што ќе може да обезбеди квалитет, што ќе треба да надополни и одредени последици кои што сега ги чувствуваме во тој витален сегмент врз база на она што значеше поблиско минато.

V/1 СЈ/СЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

И, сметам дека точно при формирањето на еден современ и самостоен концепт на одбрана треба квалитетот да биде во предност и затоа треба овој закон да го изгласаме со задоволство дека ќе имаме квалитетна одбрана. Ако ние правиме одбрана врз база на тоа кој колку ќе биде застапен, јас не сум сигурен дека гласот што ќе го дадеме сигурно денеска сите тука, дека со време ќе се покаже како оправдан. Ако таму бидат разни калкулации и манипулации, сметам дека, не сум убеден, дека овој концепт кој што е овде, го поминавме на Комисијата и сите најдовме поддршка дека ќе биде и перспективен и опстоен.

Благодарам.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, господин Мерсел Билали и господин Хисен Рамадани во својата расправа отворија повеќе , неколку сериозни прашања, од кои повеќето ги надминуваат рамките на нашата денешна расправа по повод на донесувањето на законот за воената академија и тие прашања не би ги коментирал, би се осврнал само на коментарот на господин Билали околу маргинализацијата на кадрите од албанската националност во Армијата на РМ.

Можам да ве информирам со сигурност дека кадрите кои што за разлика од почетната застапеност која што навистина беше симболична, сега се застапени со околу 4,6%, се наоѓаат на сите формациски места во Армијата на РМ и ги имаат практично сите чинови кои што се застапени во АРМ од првиот разводник, десетар до подофицерските чинови, до највисокиот генералски чин.

V/2.-

Она што претпоставувам дека е причина за нивното учество во денешната расправа на ваков начин и со отворање на вакви прашања мислам дека лежи во неприфаќањето на амандманот кој што беше предложен двајцата пратеници на вчерашната седница на ЗПК со кое што се бара во четвртата алинеја од членот 13 да се внесе еден дел со кој што ќе се овозможи воведување на квоти при одредувањето на бројот на кандидатите кои што секоја година ќе се запишуваат на Воена Академија. Јас и во своето воведно излагање реков дека навистина во Армијата на РМ како резултат на наследените досегашни кадри од поранешната Армија во која националностите со свои кадри беа минимално застапени имаме се уште несоодветна застапеност на застапеноста на една националност во вкупното население на РМ при што морам да истакнам еден од многу битните елементи кои што беше потенциран и од двајцата пратеници учесници во расправата кое што многу битно влијае и на борбената готовност, на одбранбената способност на земјата, а тоа е податокот дека посебно во последно време во составот на Армијата , во сите отповици или во сите класи националностите во РМ практично се приближно на идентичен начин застапени по нивната процентуална застапеност во вкупното население и дека ценејќи дека тоа влијае позитивно на одбранбената способност на Армијата, правиме напори со средства кои што се многу суптилни за ваква проблематика од наполно еднакви услови за нешто што е последица на неприроден процес да изнајдеме позитивни решенија без да предизвикаме нови негативни последици за кои што имаме позитивно,односно многу негативно искуство и во не така далечен период и во самата РМ.

Оваа состојба е таква заради тоа што по неприроден пат се образувани кадрите од националностите во изминатиот период во Армијата од која што тие потекнуваат и заради тоа што е точно дека во тој период не само што не постоеше можност за рамноправен пристап пред сите образовни институции за образование на воени кадри туку на тој план во многу региони се применуваше и негативна селекција.

Каква е моменталната состојба? Со донесувањето на законот за воената академија ние овозможуваме за прв пат во РМ потполно рамноправно сите граѓани на оваа Република, тоа значи претставници на националностите да можат да се школуваат на Академијата и да влезат во еден природен процес на образование , од кој што ќе се лиферуваат кадрите за потребите на АРМ. Ова се многу чувствителни процеси кои што не можат да се решат со декрет или со некоја законска одредба. Јас имам големо искуство во образованието, дваесет години сум наставник или 40 години како консумент на образованието и можам да ви кажам дека вакви грешки се правени и во поново време и како педагог и како наставник едноставно не можам да најдам ниедна причина да се прифатат решенија со кои што повторно ќе предизвикаме негативни последици со тоа што на не природен начин ќе се обидеме да решаваме некои проблеми кои што се на неприроден начин создадени. Јас ќе ви го кажам примерот од 1986 година кога заради долгогодишно занемарување на младите кадри на двата универзитета во Македонија се донесе декрет на Владата за една година да се вработат 400 млади асистенти и стручни соработници на факултетите. Ние како наставници многу добро знаеме дека двајца-тројца врвни студенти од една

генерација по нивното завршување ги исполнуваат условите и се најквалитетните за да дојдат во звањата асистент или стручен соработник за подмладување на кадарот. Тоа значи на 30-тина факултети во Македонија една генерација може да даде 90-тина кадри кои што во тек на една година како најквалитетни треба да дојдат за обновување на кадарот на Универзитетот. Ако вие примите 400 тоа е сосема јасно дека преку 300 нема да ги исполнуваат тие квалитети и што е најголем проблем преку 300 ќе ги заземат местата на сите други генерации кај што првите квалитетни кадри нема да можат да дојдат на Универзитетот наредните неколку години.

Ние не можеме со едно решение со кое што ќе направиме таков рапиден скок на ист начин да ја загрозиме можноста на кадрите независно од која националност се да бидат запишани на Воената академија на сите нејзини сегменти. Мислам дека нема ништо подобро ова прашање кое што претставува реален проблем и кое што треба да се решава , да се решава со водење на добра кадровска политика за што не министерот да можел да преземе обврски како што беше кажано во еден од коментарите за што министерот во член 13 алинеја 4 има овластување во водењето на кадровската политика и во целосниот систем на произведување на кадри до чин полковник, но и во бројот на запишаните питомци на Академијата. Мислам дека и се согласувам дека има потреба на овој проблем да му се пријде суптилно, постепено, не со декрет кој што за разлика од тоа што коментираше колегата Мерсел Билали дека со нашиот концепт влегуваме во колизија со Уставот, мислам спротивно кога бі прифатиле еден ваков член или дополнување

на концептот на законот, овој закон може да дојде на преиспитување пред Уставниот суд заради косење со Уставот. Нема ништо поправедно од тоа сите граѓани на оваа држава да бидат рамноправни пред другите закони и пред овој закон.

Завршувам со тоа дека постојат механизми, постојат овластувања со кои што овој навистина реален проблем кој што битно влијае на борбената готовноcт, на националноста безбедност на оваа држава, да му се пријде на суптилен начин и да се изнајде решение со кое што нема да предизвикаме нови негативни последици како овие предизвикани со неприродните процеси од поранешниот период. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?(нема).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за воена Академија.

Кој е за овој предлог - заклучок, молам да крене рака?

Благодарам.

Дали е некој против?(четири)

Дали некој се воздржува од гласање?(три)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

V/6.-

Кој е за, молам да крене рака?

Благодарам.

Дали има некој против?(седум)

Дали некој се воздржува од гласање?(тројца)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана, поднесе амандман за преформулирање на член 6, член 10 став 2 и член 15 став 2; Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 5 за менување на став 2 и за менување на член 25, а ЗПК поднесе амандмани за менување на член 11 и на член 36 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Текстот на Предлогот на законот; Комисијата за образование и наука поднесе амандман за менување на член 26 со кој се согласил претставникот на Владата; Комисијата за политички систем поднесе амандман на истиот член кој суштински е ист со амандманот на Комисијата за образование и наука по кој не се произнела Владата, меѓутоа., ЗПК поднесе амандман на истиот член со кој исто така се согласил претставникот на Владата на РМ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе со кои од поднесените амандмани Владата се согласува.

V/7.-

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе не можев да регистрирам дали го прочитавте амандманот на член 1 и дали го прочитавте амандманот на член 13. За сите други амандмани Владата преку својот претставник на Комисиите се изјасни дека ги прифаќа и овој пат од говорницата во името на Владата ги прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам.

Тука нема амандмани, а овие се умножени и некои уште не се стасани. Веројатно во текот на расправата по другите амандмани....

Ги молам известителите на Комисијата за образование и наука и Комисијата за политички систем , да се произнесат дали остануваат на предложените амандмани на член 26.

Мислам предлогот е од ЗПК, тој да биде составен дел на законот.

Дали се согласуваат овие две комисии, бидејќи е различен ставот.

Кој е известител на Комисијата за образование- и наука?

Не е тука?

А на Комисијата за политички систем?

Има збор г-дин Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Предлагам да ја разбиеме дилемата, Владата го прифаќа амандманот во кој што се заговара средствата да се обезбедат од Буџетот на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам.

ЗПК поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот.

Пратениците Мерсел Билали и Абдулади Вејсели поднесоа амандман на член 13 за додавање нов став 4 по ставот 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор?

**БЛАГ0ЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници. Воената академија има статус на правно лице и во консултациите при изработката на законот, сметавме дека треба да биде во член 1 дефинирано и нејзиното седиште. Во накнадните консултации имаме созна- ние дека не мора во член 1 да биде дефинирано нејзиното седиште, затоа во името на Владата го прифаќам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 26 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Има збор министерот Ханџиски.

Вие веќе се произнесовте, меѓутоа, процедурално кога се расправа по амандманот.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, Комисијата за образование и наука на кое што присуствував има амандман на членот 5 и на членот 25. Со тие амандмани се согласуваме. За амандман на член 26 од Комисијата за образование немаме информација. Имам информација за амандман на член 2 6 од Комисијата за политички систем и одбрана. Ако се работи за тој амандман дозволете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, еве како гласи. "Член 26 се менува и гласи: "Средствата за финансирање на дејноста на академијата се обезбедуваат од средствата на Министерството за одбрана како и од други извори во согласност со законот.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што ја прифативме содржината на член 26 која што гласи дека средствата за воената академија се обезбедуваат од Буџетот на РМ.

Според тоа овој амандман на Комисијата не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да кренам рака?(нема никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 26 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам,претставникот на -Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Со истото образложение се работи за иста содржина на член 26, Владата не го прифаќа ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците Мерсел Билали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Со образложението дадено во општатата расправа, Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Тринаесет пратеници гласаа за.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 за додавање нов став 4 по став 3, поднесен од пратениците Мерсел Билали и Абдулади Вејсели.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (10)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Воена академија.

Преминуваме на **3-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам, колку пратеници се присутни во салата.

Молам, да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците, а ние можеме да расправаме, но може само да се одлучува со двотретинско мнозинство.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана. (Меѓутоа немаме мнозинство)

Кој е за, молам да крене рака? (Благодарам)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Благодарам)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, како што беше случај со сите закони што се донесени пред донесувањето на Законот за прекршоци, имаме законска обврска сите тие закони да ги усогласиме со Законот за прекршоци.

Спрема тоа, измените и дополнувањата во Законот се однесуваат само на усогласување на Законот за одбрана со одредбите на Законот за прекршоци. Така направивме со поголем број на закони што моравме да ги усогласиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да преминеме на гласање ве потсетувам дека за донесување на овој закон е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Молам да бидеме информирани колку пратеници се присутни во салата.

Молам, службите да ги повикаат сите пратеници.

Молам да не информираат колку пратеници има во салата.

83 пратеници се присутни во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73)

Констатирам дека Собранието не го усвои Законот за одбрана.

Преминуваме на **4-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на Законот за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен со Предлог на закон.

Има збор господинот Поповски процедурално.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување во врска со Законот.

VI/4

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Поминуваме на поединечно гласање.

Го молам секретарот да обезбеди гласаwе.

ИГОР СПИРОВСКИ:

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | воздржан |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | против |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | за |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | за |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | за |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | против |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | за |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | за |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | за |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | за |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | против |
| 17 КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | за |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | за |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | не е тука |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | за |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | за |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | за |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | против |

VI/5

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | за |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | за |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | за |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | за |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | за |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | против |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | за |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | за |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | за |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | за |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | за |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | не е тука |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | не е тука |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСК | за |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | за |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | за |
| 81. АБДУРАУФ ПРУСИ | против |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 83. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. ХИСЕН РАМАДАНИ | воздржан |
| 85. МИТКО РИСТЕВСКИ | за |
| 86. НАНО РУЖИН | за |
| 87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. ВЛАДИМИР СОКСШОВСКИ | за |
| 90. КИРИЛ СПАСОВСКИ | за |
| 91. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | за |
| 92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | за |
| 93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | за |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | против |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | за |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | за |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | за |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | не е тука |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

(Седницата прекина со работа во 14,25 часот.)

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Дали има некој што не гласал?

Секретарот нека ги прочита тие што не гласале.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Ристо Марковски, за

Зоран Шапуриќ за

Симе Наумовски, за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште некој што не гласал? (не)

Гласале 92 пратеници, тројца воздржани, 9 против и 80 за. Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за одбрана.

Минуваме на **точката четири** - Предлог за донесување на закон за одобрување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен.

Кој е за молам да крене рака?

Шеесет и еден пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (двајца)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

**ЈОРГО ШУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Во предвечерието на 1 септември 1994 година, во 18,00 часот и 18 минути по локал* но време се случи деструктивен земјотрес со магнитуда од 5,2 степени по Рихтерова скала во поширокото епицентрално подрачје се манифестира со интензитет до 7 степен од Меркалиевата скала.

Земјотресот е силно почувствуван на целата територија на РМ во поширокото подрачје на северниот дел од Грција и источниот дел од Албанија. Според податоците на сеизмолошката опсерваторија на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје епицентарот се наоѓа во подножјето на планината "Баба" во близина на селото Кажани, што е во корелација со неотектонските и сеизмолошките податоци за регионот.

Деструктивните ефекти од земјотресот на територијата на РМ се манифестирале во радиус од педесетина километри, предизвикувајќи оштетувања на градежните објекти на целата територија на општините Битола, Ресен Демир Хисар и Охрид.

Врз база на собраните податоци од настанатите оштетувања врз градежните објекти, може да се констатира дека земјотресот предизвикал сериозни оштетувања на голем број објекти и полесни оштетувања на помал број на објекти во сопственост на граѓани.

Оштетувањата на објектите во општествена сопственост се исто така значајни, но по обем не се како објектите од индивидуален карактер. Но тука загрижува фактот дека најголем број од оштетените објекти се културно историски споменици, училишни и здравствени објекти, како и објекти од заштита на државата. Од земјотресот освен неколку десетици повредени лица, немало човечки жртви и потешко повредени.

Покрај оштетувањата на градежните објекти земјотресот предизвикал и одредени хдрогеолошки и инжинерскогеолошки ефекти. На повеќе места на општините Битола, Демир Хисар и Ресен се активирале пресушените извори и чешми и се јавило намалување на издашноста на сливно подрачје. Многу од изворите се подрачја во својот интензитет на некои места.

Покрај наведените хидрогеолошки манифестации во рамничарските делови на површината на теренот се јавиле и мали пукнатини во почвата и одрони долж планината "баба" и "Галичица". Збирните показатели на штети предизвикани од дејството на земјотресот од 1.1X. 1994 година на територијата на општина Битола , Демир Хисар, Охрид и Ресен определени се врз основа на соодветните показатели прикажани во збирните извештаи на општинските комисии за процена на штети од елементарни непогоди. Висината на штетите предизвикана на територијата на четирите општини од земјотресот од 1.IX.1994 година е оценета на 2.260.000,00 денари. Според прикажаните показатели најмасовни штети по обем и по вредност се предизвикани во општината Битола каде освен градо масовни оштетувања се забележани и во 95 селски населби. Од вкупните штети кои се проценети на 2.260.000,00

денари општината Битола учествувала со 77, 39% а општината Демир Хисар со 7,48% , општината Охрид со 3,83% и општината Ресен со 11,3%. Според степенот на оштетувањата на градежните објекти штетите се категоризираат во пет категории. Поради тоа, оштетувањата од прв степен и втор степен со полесен карактер се изразени со оштетувања на фасадите, паѓање на малтер, оџаци, или полесни пукнатини на ѕидовите, без оштетувања на конструктивните елементи. Додека кај оштетувањето кај трет и четврти и пети степен се појавува оштетување на конструкцијата на објектите и тие се сметаат за тешки оштетувања. Затоа по посебни прегледи по дејности и по општини се искажани штетите на градежните објекти од трета четврта и петта категорија кои изнесуваат 1 милијарда 179 милиони денари и во износ од вкупно проценетите штети од 1.1Х. изнесуваат 58,2%. Само за овие средства се предвидуваат овие две еднодневни заработувачки кои сега ќе ги објаснам. За овие штети Владата на РМ расправаше на седница на 28.XI.1994 година кога го разгледа и усвои збирниот извештај за проценатите штети на територијата на општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен од земјотресот од 1.1Х. а едновремено ја донесе и одлуката за користење на средства на солидарноста на РМ за отстранување на последиците од елементарните 1Јепогоди.

Тргнувајќи од изнесеното Владата при донесувањето на одлуката препорача средствата на солидарност да се користат пред се за санирање на штетите на граѓаните на градежните објекти од трет, четврт и петти степен. Покрај овие средства од Републичкиот буџет за 1994 година се одобрени уште 60 милиони денари за санирање на штетите на објектите од образованието и детската заштита. При тоа со законот се предлага во 1995 година за санирање на штетите од земјотресот во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен да се издвојат еднодневни заработувачки од страна на сите вработени, потоа два

еднодневни износи на пензија, како и 0,2% од катастарскиот приход на земјоделците. Ова е направено имајќи ја предвид моменталната состојба на нашето стопанство и претходно обезбедените средства на ова подрачје.

Според предлогот средствата од член 2 на овој Закон се уплатуваат на посебна републичка сметка а ќе се пренесуваат на општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен во сооднос утврден според методот за санација од првобитната состојба на штетите чие оштетуваше се за трети, четврти и петти степен. И тоа за Битола 3,7%, за Демир Хисар 10,6%, Охрид 2,1% и Ресен 13,6% со законот исто така се предлагаат овие средства општините да ги доделуваат на крајните корисници како неповратни средства, според документацијата за проценка на штетатата и тоа врз основа на поблиски критериуми и на начин што ќе ги утврдат собранијата на општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен.

Имајќи ги предвид настанатите штети и предложениот закон барам поддршка од сите пратеници за донесување на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на,.закон.

Комисијата за финансирање и буџет, поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот во членот 1 и членот 5 за заменување на зборот "отстранување" со зборот "санирање"

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 2 став 1 алинеја 1, 2 и 4 со кој Владата не се согласува.

Пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 6 став 1 со кој Владата не се согласила. Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 8.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 2 став 1 алинеја 1, 2 и 4 и на член 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман за додавање нов член 6-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот во членот 1 и во членот 5 за заменување на зборот "отстранување" со зборот "санирање" поднесен од Комисијата за финансирање и буџет. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 алинеја 1, 2 и 4 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Молам кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, во предложениот амандман се предлага наместо две еднодневни заработувачки кој го предлага законот од Владата, да се издвојат три еднодневни заработувачки со што би се санирале последиците од земјотресот во поголема мера. Врз основа на излагањето на министерот и мислењето на Владата со кој се укажува, по мојот амандман се укажува дека доколку, изрично цитирам, се оцени дека за санирање на штетите од земјотресот од 1 септември 1994 година се потребни уште средства, може да се насочат и средства на солидарноста што ќе се уплатат на сметката на оваа година за месец јули бидејќи сигурно и од излагањето на министерот и врз основа на извештаите на комисиите кои вршеа проценка доделените досегашни средства и овие две еднодневни заработувачки нема да ги задоволат потребите и во најмала мера да ги

санираат, но издвојувањето од фондот за солидарност за барем најмалку уште една заработувачка и поднесениот амандман во истоветен текст од страна на пратеникот Слободан Најдовски, да не се расправа за иста работа пред ова Собрание за две работи го повлекувам мојот амандман, а ве повикувам да му се даде поддршка на амандманот на Слободан Најдовски, бидејќи не е битно од кој пратеник е, битно е за средствата и граѓаните и институциите кои претрпеа штета да добијат одреден износ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 алинеја 1, 2 и 4 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(го повлекува амандманот)

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот не очекував дека Владата ќе го поддржи од причини што сепак Владата во однос на распределбата на средствата постапила по објективни критериуми и реалните показатели кои се утврдени од надлежните и стручни комисии на теренот кои имаат работено. Мислев дека тоа ќе го направам пред овој состав пред Парламентот, но суштината на амандманот е таа да еден симболичен дел кој припаѓаат на општината Битола и општината Ресен се- отстапат на општината Демир Хисар, со оглед дека е единствена во ова друштво од четирите неразвиена општина и сметам на моментот на солидарност на пратениците. Од причини што во разговорот со пратениците ваквиот мој амандман не најде на поддршка, јас исто така го повлекувам тој амандман и се согласувам со текстот на Предлогот на Владата и на мислењето на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесе од пратеникот Стојан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата и овој амандман не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Со оглед на тоа дека и јас и верувам на оваа Влада и оние ветувања кои што министерот ни ги даде по однос на претходниот амандман, затоа го повлеков тој амандман и сум убеден дека ќе го исполнат тоа ветување. Од Фондот за солидарност ќе имаме додатни средства.

Што се однесува до овој амандман сакам да го изнесам следново:

Образложението кое што го даде предлагачот на законот точно е утврдено колку изнесува штетата предизвикана од земјотресот на 1 септември минатата година во општината Битола, Охрид и Ресен. Сметам дека согласно овие проценти што се изнесени, колку што изнесува штетата поодделно за секоја општина' би требало предлагачот да се раководи при утврдување на процентот на распределба на средствата кои што ќе се соберат со законот кој што денеска се предлага. Од тие причини, не поаѓајќи од никаков локален или било каков интерес, туку поаѓајќи точно од фактите кои што се овде изнесени за големината на штетите поодделно за општини го предложив овој амандман.

Сметам дека пратениците ќе го поддржат затоа што во спротивно би биле контрадикторни со податоците кои што се овде изнесени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор министерот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас би сакал кратко да пообјаснам околу овој амандман. Не станува никаков збор за контрадикторност. Процентите што сега се предложени во законот, тоа се процентуалната распределба помеѓу односот кој е израчунат во однос на собраните и оние штети кои ќе се исплаќаат во трет, четврти и петти степен на оштетуваше.

Процентуалната распределба која сега се нуди во вид на амандман, претставува процентуалниот однос на вкупните штети во сите степени на оштетување, но со оглед дека се заседе став дека првиот и вториот степен не се оштетувања од поголем карактер, тоа се мали оштетувања кои не влијаат на стабилноста и на објектот тие се исклучени од вкупната распределба. Затоа остануваме на распределбата која првобитно е дадена во законот со вклучување на штетите од трет и четврти и петти степен на оштетување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас не очекував дека овој амандман ќе биде прифатен, меѓутоа сакам да истакнам еден тежок проблем на подрачјето на битолска општина, што настана низ селата од Сељачка Планина по ланскиот земјотрес.

Во десетина села по земјотресот секнаа сите извори и водоводи од кои што овие стари и изнемоштени земјоделци се снабдуваа со вода за пиење. Секнаа и изворите дури и за добитокот за напивање. Од тие причини барав во овој закон да се стави еден член со кој што 8% од средствата што треба да се соберат за земјотресот да одат за санирање на состојбите на овие објекти што се од општ интерес на овие села. Сметам дека сепак претставникот би требало да го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (18 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6-а, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за обезбедување на средства за санирање на последиците од земјотресот во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за социјална реформа и техничка помош, со Предлог на закон.

VIII/5.-

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на за- кон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за социјална реформа и техничка помош со Предлог на закон.

Констатирам дека има потреба од донесување на овој закон заради спроведување на веќе започнатите структурни реформи во процесот на преструктуирање на претпријатијата со општествен капитал.

Имено, овој процес е проследен со технолошки вишок на вработените и не може да се реализира исклучиво со сопствени средства поради што и се наметнува потребата од финансиска поддршка од надвор. Мислам дека задолжувањето со финансиски средства во висина од 14.000,000 американски долари, одобрено од здружението за развој на Светската банка е во функција на реализација на системот на социјалната заштита во Република Македонија.

Гледано од аспект на содржината на законот, јас сметам дека предложените одредби во законот не даваат целосна слика за начинот

на реализација и враќање на кредитот од меѓу- народното здружение за развој и е потребно со посебна програма да се определат поблиски критериуми за намените, односно подецидно да бидат дадени износите на средства по намени во сите наведени сегменти во законот. Со ова на еден начин ќе се има увид во начинот на користење на кредитот по сите намени за што е потребно Собранието на Република Македонија да биде информирано,

На овој правец е и мојата дискусија во Проектот за социјална реформа и техничка помош во делот за "Повторно вработување" кој опфаќа поголем износ од вкупниот кредит конкретно да се определи износот на средства за техничка помош, семинари за менаџери, програми за преквалификација, помош за мали бизниси како и за повторно вработување што ќе значи и подобрување на состојбите во социјалната сфера.

Додека фондот за повторно вработување кој се предлага да се формира како буџетска линија во Агенцијата за приватизација, да ги врши услугите по отпуштањето на работниците.

Проектот во делот за обезбедување техничка помош и опрема за Републичкиот завод за вработување со сите подрачни единици дава комплетен увид на состојбите во оваа област и поадекватно обезбедување на услугите.

Во делот за социјални давачки е потребно предвидените средства за оваа намена да бидат повеќе во насока на давање на непосредна социјална помош, отколку во стручно - консултативна и техничка помош.

За подобрување на можноста за враќање на кредитот има потреба од изготвување на долгорочна Програма за развој на стопанството и заживување на производството.

Условите за користење на кредитот од Здружението за развој на Светската бан^^се доста поволни, па во таа смисла имајќи ги предвид вкупните состојби во Републиката потребата од користење на ваков кредит се јавува како неминовност.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Се нуди еден проект за социјална заштита, но од се она што е дадено во проектот не можам да бидам сигурен дека овие средства ќе бидат рационално и наменски искористени заради тоа што од се она, а посебно од прилогот 2 при описот на проектот ќе видите дека поголемиот дел на средствата ќе бидат користени за набавка на софтвери и компјутери за опремување на заводи за вработување или пак за формирање на некои агенции кои ќе се грижат за распоредувањето на тие средства, или пак ќе се дадат за менаџмент, курсеви и обучување на луѓе кои ќе ја анализираат социјалната политика, а многу малку ќе останат средства кои ќе бидат стриктно наменети за социјалната заштита. Ова го зборувам поаѓајќи од прилогот 2 и затоа иако го имате проектот ќе ве потсетам на што се се планира да се издвојат овие средства.

Во поглавјето под а) - Повторно вработување каде се планирани 8.714 илјади долари, во точката 1-Анализа на потребна работна сила во општествените претпријатија кои спроведуваат преструктуирање и приватизација. Значи средства кои што ќе се дадат само на една

аналитичка проценка. Обезбедување на техничка помош за пружање на услови за прилагодување на работниците пред отпуштање од општествени претпријатија, кои треба да се намалат и ликвидираат вклучувајќи семинари на менаџери, претставници на работници, планирање на услуги на општествени претпријатија итн. Дали советниците од Европската банка кои што ќе доаѓаат назад со своите дневници и патни трошоци не ќе ни ги земат овие пари од кредитот назад во Европа.

По точката 3 - Обезбедување на услови после отпуштање на работниците преку Фондот за повторно вработување да се забрза нивното враќање во процесот на производство. Кој е тој процент? Кој е тој удел во овие 8,5 милиони долари кои ќе се даваат токму во овој дел, а кој е оној процент кој ќе се даде за она претходно што го спомнав.

Понатаму, обезбедување на техничка опрема и помош во Бирото за вработување, и дури основање на одделение за координација со проекти за поддршка на имплементацијата на проектот. Се се тоа пари за кои што мислам дека директно нема да бидат вклучени во активирање на одредени процеси кои ќе дадат позитивност во вработувањето, односно враќање на работниците и нивно продуктивно вработување.

Понатаму, под б) Програма за јавно информирање. Предвидени се 1.333.200 долари. Ако и тука под точките ги погледате ќе видите дека и овие пари вака предвидени не ќе донесат многу добро во подобрување на социјалната сфера во државата. А и под точката в) 1.925.000 долари, 1.400 долари и таму ако видите - изготвување на проекти и критериуми за сиромаштија како основа за социјална помош.

VIII/9.-

Дали нашите моментално сегашни подрачни единици и Министерството за труд и социјална политика нема веќе одредена ориентација и сознание за овие состојби, или сега наново ќе вршиме проценки и ќе издвојуваме средства од еден кредит кој што треба со грејс период од 10 години, односно за 20 години да го плаќа оваа држава.

Сето ова ме води кон тоа да размислувам дека ваков кредит на оваа држава не и е потребен. Ако од овој, барем, некаде 80% од средствата не се употребат за правилно пренасочување во преструктуирањето и новото вработување, како и солидарната помош на граѓаните кои што ќе останат без работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас на Економскиот факултет испитот за делот на надворешно платниот биланс на државата го полагав кај почитуваниот професор Трпевски, сега претставник на Владата по овој закон и се надевам дека нема погрешно да бидам сфатен во делот од дискусијата по овој закон. Овој закон помеѓу другото се однесува и на платниот биланс на нашата држава.

Јас во основа се согласувам со мислењето на претходниот дискутант. Едноставно, кратко кажано мислам дека Собранието и пратениците на овој закон не треба да му дадат поддршка и мислам дека пратениците треба да се изјаснат против донесувањето на овој закон со кој всушност ние се задолжуваме кај Меѓународното здружение за развој за реализација на т.н. проект за социјална реформа и техничка помош.

Ако се прочита она што во законот, а особено од анексот и образложението произлегува од овој закон, мислам дека се два моменти интересни.

Прво, еден глобален поглед на сите овие закони кои ги донесуваме сега и со кои ние всушност се задолжуваме надвор укажува на фактот дека некаде 2005 година, јас еднаш дискутирав за таа работа овде, сега е втор пат, 2005 година Македонија може да се доведе во многу непријатна ситуација, односно Владата во 20 05 година и Парламентот да бидат доведени во непријатна ситуација затоа што покрај кредитите за репрограмираше кои во овој момент, во овие две години ги добиваме и оправдано ги ратификуваме договорите или ги донесуваме законите за задолжување, ние често се задолжуваме и со нови кредити со кои поволни услови секогаш го пролонгираме грејс периодот 10 години, без камати итн., меѓутоа намената е сепак нешто што се потрошило токму во тие години од грејс период и понатаму тешко дека се остваруваат девизни ефекти, или пак директни девизни ефекти за да можат да се вратат кредитите после 2005 година. Намената на овој кредит, колку што можеме да разбереме од она што е напишано во образложението и во самиот закон е намена која кај мене не предизвикува образложение дека ќе е можно да се предизвикуваат долгорочни девизни ефекти од кои ќе се враќа кредитот. Мислам доколку добрата на- мера и на Владата во врска со задолжување на Република Македонија може ако има потреба од вакви средства во државата, јас побрзо би бил спремен да размислувам дека во висината на кредитот од 9 милиони специјални права или 14 милиони долари, колку што гласи кредитот, дали не е подобро да го одложиме донесувањето на овој закон, да дадеме време на Владата да размисли дали би било подобро за нашата држава да

расправаме за закон за ново даночно оптоварување во Република Македонија во висина за 14 милиони долари, односно денарскиот еквивалент, кој сите ние би го поднеле навистина потешко, во оваа држава 14 милиони долари нови даноци во рамките на 1995 или 1996 година, ако се дисперзира трошењето на средствата и во 1996 година, да го поднесеме тој товар сега отколку да се задолжуваме со девизни средства кои што мора да ги враќаме во девизни средства.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Мене навистина ми е недоволно јасен мотивот и едноставно не би бил така лесно склон да прифатам да се даде поддршка на закон за задолжување чии средства како што е кажано овде во најголем дел се трошат за меѓународна техничка помош, ние знаеме всушност како , можеме да насетиме како се троши таа меѓународна техничка помош, наше задолжување кај странски организации девизно задолжување кое во еден дел после повторно се враќа кај нив, кај нивните таканаречени техничка помош, експерти итн., за обука во странство, дури и за автоматизација на биро за вработување, за прилагодување на работниците пред отпуштање од општествените претпријатија, советувања за можни отворања на нови работни места итн. Мислам дека во основа тоа е една програма. Понатаму одејќи под б) и под в) спроведување на анкети, програма за јавни медиуми за информирање за јавноста за потреба од реформски мерки, значи една пропагандна мерка во насока на реформите. Мислам дека поголем дел од кредитот се средства за кои не е нужно девизно задолжување, дека можеби се нужни средства за кои можеме и денарски извори директни да обезбедиме со нови задолжувања иако за мене и тоа е спорно, меѓутоа кога веќе Владата оценила дека е потребна таква поддршка на проектот за социјална реформа и техничка помош, можеби тоа и така да го обезбедиме се со цел да не дозволиме некако повеќе импулсивно од тоа надворешно задолжување да го оствaруваме за проекти кои можеби ќе имаат премногу долгорочни и многу индиректни мерки за подобрување на девизниот прилив или за урамнотежување на платниот биланс на Република Македонија, меѓутоа не верувам дека ќе има директни ефекти. Исто така, мислам дека сме во ситуација дека нас ни се потребни такви кредити, или ако веќе не се кредитите насочени директно во извозни ефекти, или во репрограми итн., или дури и во овие инфраструктури зафати за кои донесувавме во неколку наврати закони

за задолжување, не би требало  и овој пат тоа да го направиме.

Јас на крајот сакам уште за две работи да се осврнам. Нас ни се доставени извештаите од три работни тела кои го гледале законот. Јас ќе се осврнам на извештајот од Комисијата за труд и социјална политика, нема да го читам. Тој е на три страни, го имате добиено. Не сум член на таа комисија, меѓутоа во него наоѓам во извесна мерка една контрадикторност помеѓу фактот дека Комисијата се согласила дека има потреба да се донесе овој закон и предлага на Собранието да се поддржи законот, а едновремено во целиот нејзин текст преовладува конотација на негативно мислење зошто овие средства се земаат и зошто се користат. Меѓутоа, сепак Комисијата на крај без доволно цврсто образложение ни предлага на пратениците како една од работните тела тоа да го прифатиме. Мислам дека едно поинакво и посуптилно читање на самиот извештај може да сугерира и одлучување во оваа насока во која јас дискутирам.

Сосема на крајот би сакал да кажам дека ние востановивме во последниве неколку месеци, или половина година во Собраниево една пракса пратениците да имаат различни мислења, понекогаш имаат и спротивни мислења од Владата, имаат и сопствени иницијативи во разни насоки, меѓутоа сепак на крајот некако не знам во чие и во какво име, сепак одлучуваме, ајде да го прифатиме тоа што Владата предлага. Мислам дека таа една инерција може да го доведе Собранието во позиција да веќе едноставно биде блокирано во сопствените размислувања. Тоа се случи и денеска при утврдувањето на дневниот ред итн. Мислам дека почнуваме еден некритички однос да пројавуваме кон предлозите од Владата, некритички однос од страна на пратениците кои согласно Уставот се одговорни за донесувањето на законите во Собранието на РМ.

IX/3.-

И од овие причини иако не тврдам дека апсолутно е така, меѓутоа мислам дека, кај мене барем преовладуваат причините да Собранието не даде проодна виза на овој закон и да го врати на Владата, односно во овој момент и предлагам на Владата да го повлече законот од процедура и да ја испита можноста дали е потребно овие средства да се обезбедуваат макар и со дополнителни даночни оптоварувања, или други оптоварувања кои постојат во оваа држава, не само даночни и на тој начин да ги задоволиме овие потреби за проектот отколку со девизно задолжување на Република Македонија.

Доколку Владата, за да не се јавувам повторно за збор, сепак не го повлече законот, јас апелирам до пратениците да не дадеме согласност на овој закон. Ви благодарам и се надевам на конструктивно разбирање на оваа дискусија од страна на Владата, а не некакво нихилистичко разбирање на самата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците што ќе зборуваат да не апелираат, да кажат како тие ќе гласаат.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, економските реформи во Републиката се отпочнати основните столбови на економската програма што Владата ја почна се процесот на приватизацијата на општествениот капитал и преструктуирање на претпријатијата. Имајќи во предвид дека Републиката се наоѓа во состојба каде што проектот и реализацијата на проектот за социјални реформи и техничка помош не е во можност да обезбеди средства од внатрешни извори, го донесува и ја наметнува потребата од донесување на закон со кој Републиката ќе се задолжи во меѓународното здружение за развој.

IX/4.-

Меѓутоа, разгледувајќи ги по делови деловите од проектот имам да кажам неколку забелешки и укажувања. Делот од проектот кој предвидува повторно вработување е во износ некаде од околу 8.700.000 долари. И овде би сакал да ја истакнам потребата Владата да стави посебен акцент во финансирањето на услугите кои би значеле, кои би ги вклучувале пред се програмите за преквалификацијата, програмите за јавните работи, за малите бизниси и за вака интересна програма која веројатно ќе биде од почетокот на 1996 година програмата за јавните работи. И потребно е да знаеме колку од овој дел на проектот како средства и како висина на средства ќе бидат наменети за претходно кажаните програми без воопшто да се потцени потребата од обуката на кадрите и персоналот како и организацијата и автоматизацијата на локалните бира за вработување. Понатаму пред отпочнувањето на програмата за јавно информирање која опфаќа некаде околу 1 милион и 130 илјади долари, мислам дека треба добро да се проанализира и самата оцена на Агенцијата за приватизација да се утврди што е причината во нејзината оцена кога дава за отсуството на поширокатa активност на Републиката за промовирање на процесот на трансформација на претпријатијата. Зошто е тоа така? Пред да отпочне програмата за јавно информирање во кое е предвидено информирање на јавноста од потребата на посебните реформски мерки. Исто така во делот каде што е предвидена техничката помош за преструктуирање на претпријатието во вредност од 2.200.000 долари мислам дека треба да се каже колкав дел ќе отпаѓа на веќе формираниот поверенички одел за управување и едно подетално образложение во втората точка од овој дел на програмот објаснувањето за забрзаната приватизација кој дел од техничката помош би одел за тоа. Мислам дека износот кој е предвиден во програмата за социјални давачки 1.900.000 долари за целосно и исклучиво опремување наменето за опрема за автоматизација и обработка на податоците како износ целосно за таа намена е доста

голем.

Почитувани пратеници, реализацијата на проектот за социјални реформи во Републиката бара финансиска поддршка од надвор од меѓународните финансиски институции. Меѓутоа, сметам дека оставена е можноста во договорот, а тоа е веќе и усогласено со светската банка за пренамена на заштедените средства од користењето на овој кредит дури и за промена на делови, на цели делови од проектот,а имајќи во предвид дека предвидувањето на завршување на проектот до трети месец 19 99 година очекувам Владата на Република Македонија заштедените средства по овој основ исклучиво и поголем дел ги намени кон подобрување на исплата на социјалните давачки, но и кон регистрација и собирање на средства преку зајакната контрола и евиденција на деловните активности. Затоа јас ќе го дадам гласот за усвојување на предлог законот за овој проект.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи беше спомната и дискусијата, односно заклучоците на Комисијата за финансирање, јас ќе се потрудам да објаснам и некои работи, односно да сфатат оние пратеници кои го читале, а не биле присутни на таа комисија. Што се однесува за овој закон за задолжување на Република Македонија со услови на грејс-период од 10 години, рок на отплата од 25 години и со минимални камати некаде до 2%, тоа секој што знае во делот на оваа економија, тоа е така да кажам поклон, кредит кој е како поклон. Морам да кажам дека, дали има дилеми за ваков кредит дали да се одобри, или не, кај мене нема, бидејќи тоа е доста поголем креди за кој не треба да се поставува прашање дали ќе се искористи, или не. Тоа беше и заклучокот на Комисијата за финансирање и буџет што провејуваше како прашање цело време на оваа комисија. Прашањето беше дали со овие пари кои остануваат до 14 милиони долари 5,5 милиони долари директно ќе бидат употребени за техничка помош,

односно на малите и средните фирми за техничко осовременуваше, а додека другите некаде околу 7 милиони долари остануваат така да кажам како и претходните дискутанти што зборуваа за програми за јавно информирање, социјални давачки, за советување, за повторно вработување итн. Заклучокот на комисијата беше да Владата до искористување на овој кредит се ангажира за изнаоѓање на неповратна помош во овој дел што се однесува за овие така да кажам споредни дејности, а додека сите овие што ќе останат 14 милиони долари да бидат употребени во мали и средни фирми за повторно вработување на оние кои што останале без работа. Единствено прашање кое се поставуваше тоа беше за Фондот за повторно вработување, бидејќи овој фонд за повторно вработување се предлага во Агенцијата за трансформација на општествениот капитал. Од самото име на овој закон, односно овој проект за социјална реформа и техничка помош се поставува зошто пак овој фонд да биде во Агенцијата за трансформација на општествениот капитал. Бидејќи со оваа дејност се бават и Заводот за вработување и Министерството за труд и социјална политика, а сите овие услуги кои треба овој фонд да ги направи, тоа се: советувања за работни места, програми за преквалификација, за мали бизниси и планови за развој на локалното стопанство, тоа и го прават Заводот за вработување и Министерството за труд и социјална политика. Ако овој фонд се јави како еден координатор кој ќе ги координира. сите работи за искористување на овој кредит, тогаш би било во ред да биде во Агенцијата за трансформација на општествениот капитал, Ако овој фонд прерасне во една посебна институција во Агенцијата повторно да се примат луѓе, односно повторно да се дуплираат така да кажам и Заводот за вработување и Министерството за труд и социјална политика, тогаш би било неоправдано за формирање на еден ваков фонд. Тоа беше прашањето дали Фондот ќе биде само како координатор кој ќе ја координира работата, или пак ќе биде Фонд кој ќе се формира  во оваа

агенција. На Комисијата за финансирање и буџет воопшто не беше поставено прашањето дали да се прифати овој закон или не, бидејќи беше прифатен едногласно.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мене професорот не ми беше професор, мислам не студирав економски факултет, меѓутоа, веројатно во однос на овој закон може да имам и економско гледиште, социјално гледиште итн. Јас од оваа говорница еднаш дискутирав за таа редистрибутивна социјална политика која што е предвидена инаку во рамките на политиката на Министерството за труд и социјална политика според кое купчето пари што постои ќе се расподелува неповратно на оние кои што се во еден вид социјална, неповолна социјална положба. И на тој начин една голема маса на средства се ризикува да бидат неповратно изгубени. Меѓутоа, филозофијата на социјалната држава не се состои во тоа. Филозофијата на социјалната држава се состои во следното: да средствата кои што ги одделува државата имаат одредена повратна позитивна спрега врз давателот, не само да се даваат средствата и да бидат загубени, туку ако веќе се финансира во доменот на социјалата, тогаш тие средства треба да бидат полезно искористени и полезно да се вратат, бидејќи што ризикуваме? Повторно ќе акцентирам, ризикуваме да човекот го навикнеме секој месец да добива одредена маса на средства и да се пасивизира и да не биде заинтересиран за враќање во процесот на работењето. Токму таква логика на редистрибутивна социјална политика се покажа како мошне опасна, неполезна итн., тоа беше случајот на пример и во западноевропските земји и во САД. Ние како држава која што имаше една инаква филозофија во поранешниот систем, инаква филозофија кон социјалната политика, не обрнуваше големо внимание на таквата социјална политика и нормално сега го плаќаме данокот на нашето незнаење, на нашето

неискуство. Данокот во смисла на тоа што немавме ниту одредена техничка инфраструктура, одредена поставеност на институциите, на пример фондови за невработените, па форми на битка против невработеноста, не битка против невработеноста со административното вработување, туку битка против невработеноста на самиот пазар. Државата не ги пореметува законите на понудата и побарувачката, со таквата социјална политика, туку таа ги стимулира луѓето да бидат заинтересирани да вработуваат. На кој начин? На пример секој човек кој што се занимава со бизнис сака одреден кадар, а токму овој закон ни овозможува со едно задолжување да се пополнат овие девијации кои што за жал претставуваат голем хендикеп за нашето стопанство. Според тоа сметам дека усвојувањето на овој предлог за донесување на закон само може да биде еден голем чекор кон изградбата и на нашата уставна определба која ја викаме социјална држава. На тој начин мислам дека и таквиот вид на задолжување по пат на еден технички трансфер и на знаење и на искуства и на опременост може само да ни погодува. Затоа сметам дека, не смеам да апелирам, меѓутоа сметам дека треба да го усвоиме овој закон.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, со одобрувањето на овие два кредити од светската банка, поточно од нејзината афилијација Меѓународната агенција за развој ©е заокружува една значајна фаза од соработката на Република Македонија со меѓународните финансиски институции.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:** (продолжение)

Се заокружува една значајна фаза од соработката на Република Македонија со меѓународните финансиски институции. За многу кратко време Република Македонија не само што остана членка на меѓународен монетарен фонд и светската банка и тоа како наследник од нивниот основање, што е посебно важно денеска кога нашиот северен сосед упорно се обидува да се прогласи за единствен наследник на поранешна СФРЈ, туку таа успеа да заклучи многу успешни финансиски аранжмани, што ја вбројуваат меѓу најуспешните земји во транзиција, членки на меѓународниот монетарен фонд и светската банка.

Со светската банка односно со меѓународната агенција за развој досега се заклучени заеми и кредити, вклучително и овие два што денеска два вие треба да ги одобрите во износ од 203 милиони долари, од кои 139 милиони долари се под и да услови без камата на 35 години и со 10 години грејс период. Нема друга земја на ова ниво на развој, членка на ИДА, на ова ниво на развој и со големина како што е Република Македонија да и имаат одобрено толкав износ на средства по глава на жител.

исто така, треба да се истакне дека двата големи кредити, минатогодишниот од 80 милиони долари и овој од 85 милиони долари, значи вкупно 165 милиони долари се за поддршка на платниот биланс. Тие средства одат во девизните резерви на Република Македонија и ќе ни овозможат полесно да го регулираме долгот на Република Македонија што настанал во изминатите 40-тина години. Практично, на овој начин кредитите што ги имаме земано во минатото, а кои се под комерцијални услови, значи со комерцијални камати ние ги претвораме во кредити без камата и имаме период од 10 години кога треба да здвине ова стопанство и да се оспособи, да може после полесно да ги враќа. Јас се надевам дека ја делам со вас увереноста дека после 10 години сигурно

стопанството ќе биде во многу погодна ситуација, отколку што е сега во овие услови. На тој начин, и колку и да изгледа нелогично со новото задолжување да го правиме, ние практично ја намалуваме вкупната задолженост на Република Македонија, ако ништо друго, тогаш за каматата, за износот на каматата, за што новите кредити се бескаматни.

Со заемот на патиштата, кои денеска или утре, очекувам нашиот претставник во САД да го потпише во Светската банка, започнува една нова фаза во развојот на односите помеѓу Република Македонија со Светската банка, а тоа се проектните заеми.

Во врска со вториот проектен кредит, таканаречениот социјален кредит сакам да нагласам дека е и тој бескаматен, на него се плаќа само провизија до 0,50% на неповлечените средства од кредитот и со 0,75% на искористениот дел. Тој е значаен во три области. Во формирањето на таканаречените инкубатори односно центри низ Републиката, по градовите за преобука и повторно вработување и за финансирање на мали бизниси. За формирање така наречена социјална карта за да на крај ние навистина видиме кој е социјален случај во оваа Република и за доопремување и оспособување на Заводот за вработување како една институција која што треба да ни дадат два во секое време јасна слика за невработеноста во Републиката.

Во врска со намената на средствата и структурата на тие намени слични забелешки какви што вие денеска изнесовте беа изнесени и на седницата на Владата и постои определба, носителот на овој кредит кој што беше и преговарач, Агенцијата за приватизација, да биде максимално внимателна и постои таков заклучок на Владата во користењето на овие средства и да се минимизира оној дел на кој што Вие овде денеска искажавте забелешки, а тоа се советнички услуги од странство, дел мора да се искористи. Кредит под вакви услови што се

дава, мора дел да има и за советнички услуги и тука наполно се согласувам со дискусијата на пратеникот Ружин. Меѓутоа, за тоа ќе биде редовно информирано Собранието, ќе настојува да биде минимизиран тој дел, а да се пренаменат тие средства за овие другиве што се попродуктивни. Јас се надевам дека со овие објаснувања кај најголемиот дел од вас се разјаснија дилемите и дека ќе гласате за двата меѓународни кредити.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Господин Ибраими.

**САМИ ИБРАХИМИ:**

Не сум економиста, па можеби и ќе грешам нешто, но во врска со оваа точка ќе нагласам некои видувања. Ова не е прв пат Македонија да се задолжува во меѓународни здруженија, па се прашувам дали сумата со која се задолжуваме се реализира во одредена цел, значи дали има некои оправдувања или материјали, барем ние пратениците да видиме каде е инвестирано и дали целата сума е инвестирана таму за што е и одредена. Што станува со овие пари, па и други огромни суми што ги добиваме како помош. Јас секој ден читам толкава помош или кредити или не знам што, бидејќи наместо добиените пари или со добиените пари од странство, било тоа помош или задолжување, наместо да се создаваат нови работни места, да се инвестира во заздравувањето стопанството, ние само го зголемуваме бројот на стечајни работници и така му додаваме бројки на огромниот број невработени. Рековте социјалната карта, таа карта на мојот лекторат е крајот на 18-век и почеток на 19-век. Сосема потполно оставено во милост и немилост и од државата и од градот, значи Скопска Црна Гора со четири ридско планински села, па и сега се и погрнаични села. Некни бевме горе со

луѓе од УНПРОФОР, од ЌЕБС или ОБСЕ и од Американскиот центар . Ме прашуваше американецот каде се парите и кредитите што сте ги добивале, зошто јас сега на овој терен да не видам најмалку 15 илјади овци и повеќе може би илјада крупен добиток. Нема ниту амбуланта, ниту патишта, ова е социјална карта и географска која е 45 километри им треба на луѓето да пешачат во зимскиот период, 5 месеци да стигнат до Скопје, за една елементарна лекарска помош. Има случаеви мајката наместо да роди здраво дете, умира со детето. Тоа ни се случува нас овде до главниот град на Република Македонија. Затоа, не сум против задолжувања во овој период на транзиција, но да не се заборава вистинските зависници од овие кредити и од овие помошти, а вистинските зависници мислам пак за мојот лекторат и пошироко зависат од најелементарна храна, лек, облека итн. Се прашувам до кога со социјални реформи ќе создадеме социјални случаеви и проблеми значи од армија невработени, а сега и стечајни работници, тоа навистина треба некој да ни одговара тука. Се прашувам уште еднаш дали од оваа сума ќе се инвестира на некои објекти што во кога ќе се приватизираат сопственици на тие објекти кои ќе ни обезбеди дека нема да станат некои луѓе од Владата, или луѓе од луѓето од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Теодосије Паунов.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа, мислам овој проект односно закон што треба денес да го донесеме за некои ублажувања за развој и социјална помош, која ќе помогне, мислам на Република Македонија,на граѓаните е прилично доста, но дали не треба да изразам сомневања во користењето на средствата дали ќе се употребат

наменски за развој за она што се донесува и законот и дали би можело во програмата каде што стои за кои намени да се користат, па некои позиции да намалиме, а другите позиции да ги зголемиме. Прво, да кажам дека за законот ќе гласам, дека законот треба да го донесеме. Без камата, со провизија со 0,75% и трошоци , 0,5% за 25 години, тоа мислам Владата треба да се заблагодариме што еве пронашла вакви средства да влезат во Република Македонија. Ако дојдат во Република Македонија, а ако треба некој друг да ни прави програми од страна да помислиме на тоа, дали е тоа така. Мислам дека програмите што треба да бидат да ги изработиме проектните задачи и да ги дадеме на нашите институции, кои ги имаме во Македонија, почнувајќи од економски факултет, па сите тие други институции кои се, да помогнат на македонското стопанство и поголем дел од овие средства да ги вложиме во продуктивни инвестиции. Враќањето на средствата, да бидат вратени од оние институции на кои што ќе им ги доделиме средствата, со исклучок за програмите на факултетите и другите научни институции од науката и развојот не би требало тие средства, додека другите средства што ќе ги дадеме, ако ги дадеме за социјала во развојот на стопанството и да се вратат од стопанството таквите средства да не ги враќа Буџетот како што е предвидено. Мислам дека средствата ако бидат искористени паметно дека ќе придонесат на Републиката и треба да ги земеме. Всушност, ние треба да имаме полна доверба на Владата. Владата сигурно расправала повеќе време, дискутирала по тоа и заклучила дека треба ваков закон да донесеме, и треба да донесеме, а и јас така мислам, заради тоа што ако бидат присутни парите во Македонија, верувале дека македонското стопанство нешто ќе изнајде нови проекти односно нови производи кои не се произведуваат во Македонија и се потребни за македонското стопанство и кои  производи ќе бидат

извезувани и на странскиот пазар. Може би ова е мала пара, меѓутоа е голема ако ја искористиме во развојот ако направиме и изработиме програми, иако дел од нив инвестираме барем во инфраструктурата онаму каде што треба да бидат вградени објектите.

Исто така јас се надевам дека законот треба да биде донесен на оваа седница, зашто секое друго решение ќе биде погрешно и граѓаните ќе не осудуваат ако не се задолжуваме без каматни средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Дами и господа пратеници, почитуван господине претседателе Предлогот на законот за задолжување на Република Македонија кој што е денес на дневен ред и покрај најдобри намери да не дискутирам, морам да кажам дека ги поддржувам одредени дискутанти кои што дадоа забелешки за ова. И покрај настапот на министерот, мислам дека се уште немам доволно показатели за да кренам два прста за овој закон. Овде се отвораат неколку дилеми. Еден долг период во Собранието провејува една атмосфера дека е толку поволен кредитот што практично е поклон. Јас не познавам земја во Западот што поклонува некогаш, посебно банките. Така, со тие тези да на манипулираме, ние можеме да кажеме дека се поволни условите, дека рокот на отплата е доволно долг, дека имаме долг грејс-период, меѓутоа, тоа некој некогаш мора да го врати. Како што ние денес враќаме некои порано што се задолжувал. Така, тука да не манипулираме многу со тие тези.

Втора работа две работи се овде јасни. Прво, оправдани, звучното име е и вели За реализација на проектот за социјална реформа, тоа е добро и второ што е добро што кредитот е поволен со 25 годишна отплата и грејс-период од 10 години. Се друго е замаглено.

Замаглено во смисла на тоа што во образложението на Законот во точка 2 оценка на состојбите е целта што се постигнува со донесување на закон се е точно, јасно и прецизно, тврдиме дека не сме способни сами со сопствени средства да ги преструктуираме претпријатијата со општествен капитал, меѓутоа, веќе понатаму при овие поделби , вели при повторно вработување негде приближно околу 9 милијарди долари се случуваат вакви работи. Вели "Проектот ќе обезбеди финансирање на 76 месеци на меѓународна техничка помош, 83 месеци обука во странство, 538 месеци домашна техничка помош, опрема за автоматизација на бирото за вработување итн.". Па, понатаму следуваат советувања, семинари, анализи, хардвери, софтвери итн. Не е спорно дека за преструктуирање е потребна и техничка опрема, меѓутоа, неколку пати овде се задолжуваме, а ова задолжување не ми дава за право да кренам два прста. Никаде не гледам овде со оваа програма колку од отпуштените од работа ќе се вработат. Викаме за нови вработувања за кои ќе бидат критериумите за нови вработувања. Кои претпријатија ќе имаат предност при новите вработувања. Се плашам дека и покрај најдобри намери парите да не одат на семинари, на шетање , на хардвери и софтвери и после извесен период ние повторно да се задолжуваме за да ги вратиме парите кои што недоволно паметно сме ги трошиле. Токму поради тоа јас ќе гласам против овој закон. Меѓутоа, за разлика од некои претходни дискутанти не ве повикувам и вас да гласате против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, можеме да забележиме и сите знаеме и потребите на оваа држава од капиталот надвор се евидентни и со тоа сигурно дека не треба многу да дискутирам

X/8.-

Исто така јасно е дека условите под кои тој кредит се зема се поволни и се до тука е во ред. Но, ако погледнеме.

XI/1. - CJ/OM

**ДКЗАР ДИМОВ:** (Продолжение)

Ако погледнеме понатаму во описот и пописот на трошењето на тој кредит можеме да заклучиме дека тој кредит во главно ќе се усмерува во два правца. Враќање на парите назад на кредитодавачите преку некои услуги, јас не знам, за кои г-дин министерот не кажа ниту колку ниту како ќе бидат вратени, и во вториот дел во дел на софистицирање на евиденцијата на сиромаштијата. Од прилика од она што е напишано во образложението, тоа е точно.

Сега јас поставувам прашање, дали овие намени се некоја социјална реформа како што гласи името на Законот за кредити. Овде во одредени дискусии се спомнуваше дека оваа работа за која што овој кредит треба да се потроши дека е потребна, за што јас сметам дека не е така, на пример колегата Попоски кажа дека дури данок да се воведе овие потреби да се пополнат. Јас сметам дека веќе ако ја евидентираме сиромаштијата на нај модерен начин редно е тоа да го платат идните генерации бидејќи тие ќе ги користат тие податоци во некои социолошки истражувања. Јас едноставно сум против овој закон во неговиот дел како ќе се трошат парите. Владата овде треба да излезе со некоја програма која што ќе биде јасна и гласна и каде што ќе се знаат адресантите каде ќе завршат тие пари. Може вака да ја задолжуваме, тоа беше пракса и порано и секаде, ги задолжуваме граѓаните бидејќи ова треба да се враќа од буџетот, а адресата на последните корисници е магловито дадена.

Исто така и одовде се гледа дека овде, можеби со овие пари ќе се направи подем на некои фирмици кои сигурно ќе дојдат до овие пари во опремувањето со сопствени хардвери и т.н.

XI/2.-

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас ќе го поддржам законот од следните аспекти:

Прво, на сите ни е јасно дека живееме во време каде што се одвиваат два анахрони процеси. Тоа е процесот на транзиција и приватизација кој што нормално исфрла невработени и социјални групи. И,

Второ, рецесија односно криза на нов инвестиционен циклус што може да изврши апсорпција на невработените или социјалните групи. Кога е тоа така, значи епилогот на овој кредит е дека ќе мора да го платиме социјалниот мир на социјалните групи и на невработените. Меѓутоа, овде постои, во овој кредит, еден друг вентил односно пласирана е една позиција за нови вработувања. Сакам да нагласам дека Владата потребно е да ја информира јавноста, добро да ја информира јавноста за намената на овој кредит затоа што имам убедување дека постојат субјекти кои што и те како имаат проекти, добри проекти што можат да апсорбираат работ на сила односно нови вработувања. Значи сепак може да најдеме и елементи за поттикнување и на некои иако мали сепак потребни во оваа ситуација инвестициони циклуси.

Е сега, секако дека добро би било да не информира Владата со една програма за начинот на насочувањето на овие средства и количината на средствата за овие позиции кои што се евидентирани како потреби во законот. Ова, од аспект што да не направиме грешка да не оди- ме на преголема технолизација на социјалните установи и заводите за вработување односно да не ги трансформираме нив во институции каде што треба да имаме само апаратура за евиденција на социјални групи и невработени, а ние не сакаме да ги имаме нив. Сакам да кажам да не треба да дозволиме да направиме една таква грешка што би била

не катастрофална или непримерена на една сериозна Влада и еден сериозен парламент. Благодарам.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Се извинувам, меѓутоа должен сум да се јавам бидејќи сум претседател на Комисијата за труд и социјална политика бев повикан,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, побрзале.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ќе побрзам, ќе побрзам. Мислам дека кога беше констатирано за текстот на извештајот на Комисијата за труд и социјална политика се искажа одредена дилема. Меѓутоа, ако се прочита самиот извештај може да се констатира и е пренесена целокупната расправа во Комисијата Тоа што го правеле пратениците, а верувале дека Комисијата ја сочинуваат сите пратеници на овој парламент каде се вклучени сите политички партии. И во тој контекст мислам дека јас како претседател во таа смисла немам никакви можности да сугерирам кој како ќе гласа и што ќе при- фати. Меѓутоа, основно е дека на самата Комисија имаше голема дилема во расправата. Бидејќи се носи еден вака сериозен закон кој ја задолжува државата со толку милиони долари и во таа смисла нормално, предострожно се дискутираше како ќе се користи овој кредит. И, во таа смисла морам да кажам јавно дека имаше дилеми посебно во образложението.

Она што претставува законот, тоа е едноставен закон, закон предвиден од само пет члена. Во тој закон што е кажано. Кажано е како ќе го користиме кредитот, какви се условите за тој кредит, количината на кредитот и т.н. Се друго е кажано во самото образложение. Можеби

образложението на Владата не е докрај децидна и збунувачко е. И во таа смисла мислам дека и во извештајот констатиравме дека најголемиот дел на средства, да не кажам преку 9 милиони долари кога ќе се добијат некако повратно ќе се вратат оттаму од каде се земаат. Што значи остануваат некои 5 милиони долари кои на некои начин ќе се користат исклучиво за намените за државата. Тоа нели е дилема. Дилема е, ние го констатиравме и Комисијата дава сугестија Владата мора да размисли сериозно на продуктивно вработување на лицата кои се технолошки вишок и оние кои се наоѓаат во Заводот за вработување.

Комисијата беше свесна дека овој кредит, не се работи за класична социјална заштита. Овдека нема делење на пари. Јавноста да не ја збунува и нас пратениците тоа да не збунува. Исклучиво намените се за друго бидејќи Владата знаете дека има социјална програма и таа социјална програма се ефектуира на некој начин се реализира во РМ. Меѓутоа, за жал токму овдека што се размислува од еден дел на средства да се применат за социјална карта или подобрување на одредена техничка состојба на заводите за вработување оди во прилог на она што ние го констатиравме во овој период.

Голем број на пратеници имаат забелешка дека во РМ користат голем број на семејства кој не ја заслужуваат таа помош. Механизмот кој тоа треба да го потврди го немаме. Техничките помагала на институтите и на заводите и т.н. се во таква ситуација да немаме систем кој може до крај да ги евидентира состојбите на било кое семејство, на било кој поединец.

Јас потполно се сложувам со професорот Ружин дека овој кредит треба да биде во функција за подобрување и на социјалниот и на економскиот развој. И во таа смисла ако е тоа тоа мислам дека нормално

Владата би требало да ги има во предвид сите наши забелешки на Комисијата со единствена цел кредитот да се искористи рационално, а потенциравме дека за жал ние во РМ имаме голем број на институти , заводи, факултети, институти кои се од републички карактер кои во Буџетот кога го усвојувавме имаа големи ставки во нивното финансирање, а во програмата влезеле дека ќе работат и на аналитичко истражувачка и научна дејност со тоа што ние издвоивме средства, а сепак викаме дека немаме таков стручен кадар, ни е потребна помошта од надвор. Тоа за мене е еден апсурд, го повикуваме интелектуалниот дел во РМ комплетно да биде вклучен во реализирање на самата програма. Имајќи ги во предвид условите под кои се зема кредитот и неговата намена ние како Комисија едногласно го прифативме. Дали грешивме или не грешивме сега тоа е право на Вас пратениците, меѓутоа добро е извештајот добро да се прочита и искоментира и ќе дојдете во ситуација дека имаме констатација, меѓу- тоа имаме и насока како понатаму треба да се трошат парите. Благодарам.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас само накратко би се задржал на некои прашања кои беа покренати од аспект на користењето на средствата. Поголем дел од овие расправи фактички и мислења на дел од пратениците беа пренесени и на дискусиите на самите комисии. Самиот договор кој што ви е презентиран со Предлогот на закон содржи одредба со која, а главните забелешки овде се на поголемиот дел на техничка обука усовршување на кадри , односи со јавноста и т.н. самиот договор со банката е така подготвен така да државата Република Македонија овде е како заемо - примач. Со банката веќе се договори да сите неискористени средства по основ на тие технички обуки и усовршувања, делот да се принамени во првиот, основниот дел каде што е делот на повторно вработување главно на

работниците кои останаа без работа и како резултат на програмата односно спроведувањето на Законот за загубарите. Ориентацијата на Владата е дека ние ќе настојуваме сите овие работи кои што се техничкото усовршување тоа да се обезбеди преку бесплатна техничка помош од државите донатори, дали Велика Британија или САД со кој досега имавме некои такви поволни бесплатни технички помоши. Меѓутоа, во овој период не можеме со сигурност да тврдиме дека тие држави ќе ни дадат во текот на наредната или во наредните две три години техничка помош токму од таа област.

Од овој дел е прикажано она што како потреба , како програма треба и сметаме дека треба да се направи. Сигурно сите сте свесни со проблемите што пензискиот фонд ги има од аспект на приходите, од аспект на исполнување на своите обврски спрема пензионерите и сигурно дека стои некоја потреба, поцелосна анализа н проблемите на остварувањето на приходите и системот на ПИО. Затоа во програмата главно е насочено она што треба да се заврши како работа во наредниве година, две и колку тоа би чинело. Секако ориентацијата ќе биде тоа да се добие бесплатно, меѓутоа со тоа што другото би отишло во програмите, јавните работи, овие мали инкубатори и средни претпријатија и т.н.

Исто така сакам да истакнам овде кај делот каде што се пред-видува техничката помош, во тој дел не треба да сметаме дека тоа се само странски консултантски куќи, тука секако и домашните институти и факултети имаат шанса да конкурираат на тие тендери и да ги добијат работите дури по правилата на банката секој домашен понудувач на такви услуги дури да е поскап, постои така наречена граница на преференција на домашен понудувач, дури да е поскап во однос на странските консултанти за 15% со цената сепак предност му се дава на домашниот консултант.

Во поглед на даночното оптоварување, идејата за дополнителното даночно оптоварување и на стопанството и на населението во текот на оваа година и решавање на програмата за социјални реформи на тој начин мислам дека таа идеја е разгледана , мислам дека и стопанството и населението во текот на оваа година немаат такви можности за да одиме со некои дополнителни оптоварувања, со тоа што целиот износ од тие 14 милиона од околу 520 милиони денари фактички би требало да се обезбедат од оваа година, а мислам дека стопанството нема таква можност. Затоа се упативме на задолжување кон странство. Со тоа задолжување кон странство поволноста е во отплатата. Ние во оваа година во Буџетот знаете дека скоро 6 0 милиони долари обезбедивме за процесот за преструктуирање на претпријатијата - загубари, а најголем дел се фактички отпремнините на работниците кои останаа без работа.

Ние во текот на наредната година, а сигурно и во текот на периодот на отплатата на овој заем такви трошоци нема да имаме. Затоа и од аспект на отплатата во 25 години понатаму оптоварувањето, годишните отплати по овој заем сигурно нема да претставуваат ака оптоварување како што тоа би значело за стопанството и населението тие средства да се обезбедат во текот на оваа година од домашни извори.

Прашањето дали тоа би идело преку агенцијата, јас сакам да информирам дека тука се работи за една меѓу министерска, меѓу ресорска група во која се вклучени претставници до Министерството за стопанство, за развој, за труд и социјална политика, Министерството за финансии, единствена е онаа техничката, оперативната работа како е ден од координаторите определена е агенцијата, меѓутоа целокупната активност во реализацијата на заемот оди со заеднички договор на сите овие министерства и единствено е само дека на прашањето кај кои претпријатија овие средства би ги насочувале засега ќе се отвори прввиот

дел за повторните вработувања, фактички идејата е дека зависно од обемот на средствата кои што ќе можеме да ги заштедиме по другите основи, па тука да се зголеми, меѓутоа во секој случај приоритет ќе имаат оние претпријатија кои ќе понудат такви програми со кои се обезбедува поголемо вработување на дел од невработените и по поволни економски ефекти од таа инвестиција. Меѓутоа, секако тоа нема да биде за нив да речеме со неповрат- ни средства туку сигурно со тоа ќе се има склучување на дополнителен договор, сигурно поволен, во однос на она што е сегашната состојба со каматите кај нас , меѓутоа сигурно со по поволни рокови на отплата и прониски камати.

Тие се неколку укажувања .

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас останувам на повикот да не се гласа за овој закон и мислам дека треба да се ослободиме од преголемиот респект кон ММФ кон Светската банка и нејзините афилијации во однос на предлозите што доаѓаат во РМ. Мислам дека едноставно не треба да имаме преголем респект кон предлозите за финансирање на РМ во сите сфери кои доаѓаат од таа страна, без разлика што нашата генерална определба која и; јас сум ја гласал во ова Собра- ние е за соработка финансиска и друга со нив , без разлика на тоа што ние ги поддржуваме програмите за финансирање на изградбата на инфраструктурата, преструктуирањето, на структурните реформи во РМ и т.н. Мислам дека понекогаш треба да помислиме дали едноставно сите предлози на овие меѓународни респективни и почитувани меѓународни финансиски институции треба секој пат да ги прифаќаме.

XI/9.-

Јас и понатаму едноставно интиутивно чувствувам и во настапите на претставникот и на повереникот на Владата дека и кај нив не постои целосно и сто процентна увереност дека овие закони се тие кои што треба да се успејат. И кај нив постојат огромни резерви. Едноставно не знам на што се должи, очигледно е дека постои некаква резерва , дека и тие не се убедени во тоа што кажуваат дека цело време е така и т.н. Едноставно не гледам причини зошто да размислуваме дека е полесно сега да ги решиме нашите проблеми со акумулацијата на Македонија после 20 години што ќе се создава отколку со денешната акумулација, без разлика каква е таа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:(**продолжение)

Јас не гледам дека во Собранието сме изградиле некаква стратегија или концепција дека по 20 години ќе имаме доволно акумулација да го враќаме она што денеска го трошиме. Не ја гледам таа концепција. Развиваме интуитивна концепција дека ќе потрошиме дел од идните пари што ќе ги створи оваа држава и таа акумулација по 20 години ќе ја трошиме иако не знаеме сигурно дека ќе постои тоа интуитивно, да се надеваме.

Знаете, сите ние кои овде живееме ќе живееме повторно во оваа држава. Ќе ја доживееме и 2005 година и 2020 година и треба да размислуваме што не очекува . Навистина мислам дека малку повеќе интуитивно одиме во сите овие работи. Не сум убеден дека има една цврста определба и цврста решеност дека е тоа потребно. Особено не сум сигурен дека на сметка на тоа треба да се решаваат сегашните социјални проблеми, на сметка на овие пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Трпевски, министер без ресор.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Овој пат навистина ме изненади г-динот Поповски, со претходната дискусија не ме изненади , но сега ме изненади. Ние имаме милијарда долари долг спрема странство. Дали можеме да речеме заборавете го , не го враќаме. Ако сме сериозна држава треба да направиме напор. Дали може г-динот Поповски да обезбеди милијарда долари да вратиме сега. Ако може да обезбеди, да не се задолжуваме. Она што ние го правиме сега со вториот кредит за кој денеска треба да гласате 85 милиони долари без каматен да враќаме кредит со комерцијална камата.

Ако има друг избор но јас не гледам друг избор и плус ми се дава десет години период да здивне ова стопанство, па ако во овие услови ние сами викаме мораме сега да почнеме да враќаме, тоа го правеше Чаушеску пред 15-16 години кога реши да ги врати кредитите по цена на гладување на народот, со сопствени средства. Видовме до каде ја доведе земјата. Нема друг пат освен овој. Во тесна соработка со меѓународните финансиски институции да го оспособиме стопанството подоцна да почне само да создава профит и да ги враќа парите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видовме како се соочуваат професор и студент. Само ве молам кога правиме споредби да внимаваме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, јас мислам дека забелешката на претседателот што ја кажа по говорот беше малку тенденциозна. Јас би го прашал претседателот, изгледа сум ги измешал работите, дали расправаме за задолжувањето за проектот за социјална реформа и техничка помош или за проектот задолжување за приспособување на финансискиот сектор и претпријатија, за која точка на дневен ред расправаме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За првата што ја кажа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тогаш министерот Трпевски кога посочи за втората точка дека мојот став ќе биде негативен, погреши. Јас за овој кредит од 85 милиони долари сега ќе гласам за и мислам дека тој начин на манипулација со моите мисли и споредбата со некои поранешни диктатори е сосема

спротивна од целта која се сака да се постигне во расправата по оваа материја. Јас почувствував дека кај Владата може да се јави едно чувство на дискусија која не е добронамерна. Мислам дека сега на крај тоа се потврди, сепак сум бил сфатен малку вака, дека сум несериозен, дека имам некакви намери на Николаев Чаушеску и го носам неговото име. Меѓутоа, самиот факт со кои аргументи идејата дека овој закон не треба да се поддржи самиот факт какви аргументи се даваат, мислам дека е доволен да мислиме дека навистина овој закон не треба да се поддржи. Иако гледам во Собранието една летаргична опуштена атмосфера и јас предлагам на пратениците да размислиме добро дали ќе даваме поддршка на вакви проекти. Иако гледам една опуштена атмосфера дека тоа треба да се донесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога реков студент, мислев на бивш студент, инаку овде сте рамноправни. На тоа се однесуваше.

Има збор министерот Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Во врска со социјалниот кредит и јас ги искажав овие дилеми на Комисијата и овие дилеми овде што се појавија околу структурата на намените беа и на Владата и Владата зеде обврска, а тоа го имаме во договорот со Меѓународната агенција за развој, односно Светската банка дека во текот на користењето на кредитот можно е за неискористениот дел да вршиме пренамена. Спрема тоа, ако не верувате во тоа, значи не и верувате на Владата дека максимално можно тоа ќе го прави, дека за првиот дел за продуктивно вработување ќе го искористи, а дека овие странски консултански услуги ќе настојува максимално можно да го

минимизира тој дел. Можеме да се договориме Агенцијата, односно Владата периодично да го известува Собранието за користењето на овој кредит.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Сакам на кратко да кажам некоја мисла, бидејќи чувствувам дека имам големо чувство околу тоа задолжување, бидејќи целото мое искуство се задолжувам и враќам кредит и дека тоа е многу важно дека кредитот треба да го земеме, кредитот е навистина поволен, меѓутоа, целата вистина е околу тоа дали ние продуктивно ќе го искористиме тој кредит. Ако не се дадат средствата таму каде се создаваат парите, мислам дека е навистина промашај и трагедија е да се дадат пари да се изедат за еднократна употреба. Тоа е трагедија и Владата тоа не смее да си го дозволи да дава пари за еднократни употреби , за плати и слично. Секоја девиза треба да се даде на место каде ќе создаде девиза. И инаку, имавме примери во Бивша Југославија кога толку многу се задолживме што не можевме потоа да се раздолжиме. Мислам дека е навистина одговорно Владата ќе се прослави што ќе земе кредит, но нема да се прослави ако лошо ги потроши, ако ги даде на места каде нема да се вратат девизи и тоа не денари, туку девизи. Инаку, навистина ќе имаме проблем ние од нашата генерација

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Мислам дека главното недоразбирање што денеска се случува е проблемот што за овој домен кој е од интередисциплинарна природа, се зборува само со речникот на економистите.

XII/5.-

Мислам дека образложението на Владата не е доволно елаборирано како што треба, само еден аспект од Законот е елабориран онака како што треба, додека социјалниот не е елабориран и заради тоа доаѓаме до такви непријатни состојби.

Кога извршивме приватизација вториот медал на приватизацијата е социјалната реформа. Ние не можеме да одиме во приватизација без оваа социјална реформа. Мислам дека нема потреба да имаме дилема и да драматизираме дека Законот не треба да го прифатиме. Сметам дека овој закон е неопходен на едно општество кое смета на еден прогрес, на еден развој, на едно либерално сто- панство по пат на приватизација од една страна, а од друга страна по пат на социјални реформи. Бидејќи приватизацијата ќе создаде тешки социјални консеквенции, таа ги создава, а општеството мора да најде одговор на тој предизвик. Нема ние да се бориме за власта, да ја сочуваме и да го сочуваме социјалниот мир, всушност Законот со кој се задолжуваме, всушност е насочен кон иднината. Не се работи ниту за техничко создавање на некакви социјални карти, не заради тоа дека ќе знаеме колку сме сиромашни или богати и кој е корисник, а кој не е корисник на социјалната помош, тоа е повеќе од тоа, тоа е еден вид социјална политика.

Ќе ви кажам најпрост пример. На пример како ќе се бориме против вработувањето. Не со оној систем што државата наредуваше 10 лекари во Бетон ќе се вработат, туку по пат на стимулирање на она што викаше Костов дека по пат на инкубатори, нема врска како ќе се викаат, на пример, ќе го стимулираме оној млад мал бизнисмен кој треба да отпушти 2-3 работници, тогаш интервенира државата и му вели,"немој да отпушташ еве ти поголем кредит, наместо да отпуштиш двајца, на

нивните места ставаш нови двајца, меѓутоа образовани". Според тоа , тоа е доменот на социјалната политика, не можеме само од аспект на економската политика да го гледаме овој закон и сметам дека е мошне поволен и составен дел на Законот за приватизација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Последната дискусија на г-динот Нано уште повеќе ме убеди дека веќе се знае намената. Овде не убедуваат дека тоа што Владата го мисли не е напишано, туку е напишано нешто друго, а ќе се прави нешто трето. Сигурно г-динот Нано повеќе ги знае социолошките и другите истражувања и гледа дека во тоа ќе има некоја потреба ова наше општество. Уште еднаш да повторам овие пари треба како пари за социјална реформа, но не со ваква програма од Владата, уште повеќе сум убеден дека овие пари ако остане вака ќе одат во два правци. Враќање на дел од тие пари назад и како што реков со фистицирање на евиденцијата на сиромаштијата и на социолошките истражувања што ќе се прават. Многу ќе биде корисно бидејќи тука слушнавме дека тие пари ќе се дадат на добрите бизнисмени за да вработат или не вработат. Тоа е нешто многу старо ниту пак овие пари се толку големи за таква работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

XII/7.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за социјална реформа и техничка помош.

Кој е за, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против?(2)

Дали некој се воздржува од гласање?(3)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(62).

Дали има некој против?(2)

Дали некој се воздржува од гласање?(3)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(64)

Дали има некој против?(3)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за социјална реформа и техничка помош.

Преминуваме на **6-та точка** - Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за приспособување на финансискиот сектор и претпријатијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доста- вени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој на реализација на Проектот за проспособување на финансискиот сектор и претпријатијата.

Кој е за, молам да крене рака?(65)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

XII/9 . -

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (66),

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој еза, молам да крене рака?(66)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за приспособување на финансискиот сектор и претпријатијата.

Сега ќе ја прекинеме седницата, а за продолжението дополнително ќе ве известиме.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).